FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

IDSCS

Institute for Democracy, "Societas Civilis" Skopje

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ОЧЕКУВАЊАТА НА МЛАДИТЕ во Република Македонија


Дане Талески

Иван Дамјановски

Ненад Марковиќ

Владимир Божиновски








# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ОЧЕКУВАЊАТА НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Автори

Дане Талески
Иван Дамјановски
Ненад Марковиќ
Владимир Божиновски

Скопје, 2006 год.

Издавач
Фондација Фридрих Еберт  Канцеларија Скопје
Бул Св.Климент Охридски 21/1, 1000 Скопје
www.fes.org.mk

За издавачот
Штефан Денерт

Лектура
Симона Груевска-Маџовска

Техничка подготовка
PROMO DSGN

Тираж 300

CIP  Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.654:316.346.32-053.6 (497.7) (047.31)
316.346.32-053.6:316.654 (497.7) (047.31)

ИСТРАЖУВАЊЕ за очекувањата на младите во Република Македонија / Ненад Марковиќ, Дане Талески, Владимир Божиновски, Иван Дамјановски.  Скопје : Фондација “Фридрих Еберт” , Канцеларија Скопје, 2006.  60 стр. : слики ; 22 см

ISBN 9989-109-31-1
1. Марковиќ, Ненад
а) Младина  Јавно мнение  Македонија  Истражувања б) Јавно мнение  Младина  Македонија  Истражувања
COBISS.MK-ID 67658762

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 7

РЕЗИМЕ 8

СИТУАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА И ОПШТИ ПЕРЦЕПЦИИ 13

Перцепции за јавните институции и меѓународните организации 13

Перцепции за општествениот ангажман и институционалната инволвираност 16

Перцепции за меѓуетничките односи 17

Перцепции за корупцијата во Македонија 19

Перцепции за правата на одредени социјални групи 21

МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ 27

Перцепции врз процесот на приближување кон Европската унија 27

Перцепции за влијанието на ЕУ врз главните општествени параметри 28

Перцепции врз процесот на приближување кон НАТО 30

Перцепции врз улогата на агенциите на Обединетите нации 31

ОБРАЗОВАНИЕ 35

Перцепции за квалитетот на образовниот процес 35

Практичните вештини, пазарот на труд и образовниот процес 36

Студирање вон државата, посакуваните дестинации и феноменот на „brain-drain“ 37

Реформата на образовниот систем, преферирани систем на образование, приватни и државни универзитети 37

ЕКОНОМИЈА И МИГРАЦИИ 41

Економија 41

Миграции 43

АНЕКС 47

# ПРЕДГОВОР

Со оваа студија за очекувањата на младата генерација на возраст помеѓу 18 и 30 години, Фондацијата Фридрих Еберт и Институтот за демократија "Societas Civilis" Скопје сакаат да пополнат една празнината што постои во научното истражување на јавното мнение во Република Македонија. Иако постојано се прават многу корисни испитувања за мислењето и за очекувањата на населението во Македонија, кои диференцираат според етничката припадност и полот, возраста и географската структура, сепак, досега не постоела репрезентативна анкета за очекувањата и за мислењето на младата генерација, односно на оние кои ја претставуваат иднината на Република Македонија.

Зошто е важно да се прашаат токму претставниците на младата генерација како тие ги воспримаат состојбите и развојот во Република Македонија? Одговорите на прашањата за нивното восприемање на општата состојба, за економијата и миграцијата, за образованието и за меѓународните односи ја прикажуваат деталната слика за начинот како младата генерација ја гледа својата држава, прикажувајќи ги едновремено и можностите кои младите ги гледаат за својата иднина во дадените околности.

Оваа возрасна група ја претставува генерацијата на оние кои особено го очекуваат спроведувањето на политичките, општествените и економските реформи, но и на оние кои најмногу и временски најдолго ќе бидат засегнати од нив – доколку останат во Република Македонија. Тоа значи дека стабилни меѓуетнички односи, добри регионални и меѓународни односи, конкурентно способен образовен систем и економски реформи, кои треба да гарантираат стабилен развој, ќе одлучуваат за тоа дали и колку млади и трудољубиви, но едновремено и сеуште идеалистички луѓе ќе сакаат и ќе можат да се ангажираат во својата земја за нејзиниот развојот.

Очекувањата, прикажани во студијата, ќе бидат индикатор за политичарите од сите партии за она, што оваа генерација очекува од нив, во кои области гледа особена потреба од реформи и во која насока ќе треба да се оди. Покрај некои резултати што делумно беа очекувани, оваа студија открива и неколку неочекувани резултати, како позитивни така и негативни. Се надеваме дека резултатите од истражувањето внимателно ќе ги читаат претставниците на политиката и на економијата, како и претставниците на работодавачите, со цел да ги испитаат своите стратегии и програми од аспект на нивните идни перспективи, и, по потреба, да ги коригираат. Младата генерација е надеж на секоја земја, но таа е и најмобилната група на населението. Ако рамковните услови премногу се одалечат од нејзините очекувања, младите ќе ја бараат својата среќа во странство. Во иднина, тоа веќе не смее да биде моделот за Република Македонија.

Штефан Денерт
Фондација Фридрих Еберт

# РЕЗИМЕ

Истражувањето за очекувањата на младите претставува еден од првите проекти од овој карактер кој во целост ги опфаќа перцепциите на младите во Република Македонија во однос на виталните социоекономски, внатрешно и надворешнополитички прашања, како и прашања од сферите на образованието, миграциите, човековите права итн. Истражувањето е реализирано од страна на Фридрих Еберт Македонија, а спроведено во партнерство со Институтот за Демократија "Societas Civilis" Скопје. Истражувањето се состои од два дела: испитување на јавното мислење кај младата популација и анализа на податоците врз база на добиените резултати. ИОМ беше спроведено во периодот април-јуни 2006 година на национално ниво.

## Истражување на јавното мислење - користена методологија

Испитувањето на јавното мислење за потребите на Истражувањето за очекувањата на младите (ИОМ) беше направено врз основа на стандардизиран и стратификуван примерок, кој репрезентативно ја отсликува младата популација во Република Макеоднија од различни аспекти. Во примерокот без запазени демографските специфики на младите (половата структура, старосните групи, степенот на образование, занимање и етничка припадност) и беше направена соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина и градот Скопје како посебна целина заради своите специфики). Исто така, во примерокот се застапени испитаници од сите региони во Македонија, каде што секоја општина, вклучително и руралните средини кои ги опфаќа, беше процентуално застапена според бројот на жители во неа во соодност со вкупната популација.

Со испитувањето беа опфатени вкупно 1197 испитаници. Од нив 697 или 58,2% се мажи, а 500 или 41,8% се жени. Во однос на старосните групи младата популација беше поделена на три старосни интервали. Врз основа на оваа поделба беа испитани 456 или 38,1% од младите на возраст од 18 до 22 години, 452 или 37,8% на возраст од 23 до 26 години и 289 или 24,1% од младите кои беа испитани припаѓаат на интервалот од 27 до 30 години.

Најголем дел од нив имаат завршено средно образование и тоа 62,1%, додека најмалку испитаници или 0,7% се со незавршено основно образование. Останатите категории учествуваат во испитувањето со 3,8% со основно образование, 4,7% вишо и 28,8% со завршено високо образование.

Во однос на занимањето на испитаниците најголем процент 35,8% се студенти, по што следуваат вработени во приватен бизнис 19,8% и невработени со 19,1%, додека најмалку се застапени земјоделците со 1,4%.

Според етничката припадност испитани се 74,8% Македонци, 22,5% Албанци, 1,4% Турци, 0,8% Срби, 0,1% Роми и 0,3% Власи. Според местото на живеење, 25,7% живеат во селата, 19,2% во помалите градови, 30,1% во поголемите градови и 25% се населени во главниот град Скопје.

Испитаната млада популација релативно сразмерно беше распределена, врз основа на изборните единици во коишто припаѓа и тоа: 16,5 % во Изборна единица (И.Е.) 1, 16,4% во И.Е. 2, 17,1% во И.Е. 3, 14,5% во И.Е. 4, 18% во И.Е. 5 и 17,5% во И.Е. 6.

Анализата на податоците од спроведеното истражување на јавното мислење е направена во однос на добиените одговори на испитаниците кои понатаму се вкрстени според демографските карактеристики, населеното место и изборната единица на која ѝ припаѓаат.

Испитувањето на јавното мислење беше спроведено од 10 до 28 мај 2006 година, а супервизијата на тимовите, обработката на податоците и анализата врз база на добиените резултати ја изготви стручниот тим на Институтот за демократија "Societas Civilis" Скопје.

## Перцепции на младите во Република Македонија краток преглед

Вториот дел на Истражувањето за очекувањата на младите (ИОМ) во Република Македонија опфаќа анализа базирана на добиените податоци од истражувањето на јавното мислење, како и други извори кои служат како компаративна база во однос на испитуваните теми. Што се однесува на самите теми, анализата опфаќа четири подрачја и тоа: внатрешнополитичка ситуација во земјата и општи перцепции, меѓународни односи, образование и дел кој се однесува на економијата и миграциите. Секој од овие делови е проследен со адекватни заклучоци и препораки до засегнатите чинители во Република Македонија, од Владата и останатите „policy-makers", па сè до медиумите и невладиниот сектор. Покрај овие социјални актери, самата целна група на млади од 18 до 30 години ја претставува основната публика на која оваа анализа е наменета.

Како прва тема во анализата од ИОМ се јавуваат општите перцепции на младите, како и **перцепциите за внатрешнополитичката ситуација** во Република Македонија. Во оваа смисла ИОМ јасно покажува една летаргична слика кај младата популација проследена со недоверба (или многу мала доверба) кон државните институции. Покрај ниското ниво на социјален активитет, постои и позитивна перцепција за равитокот на меѓуетничките односи што укажува на бавна, но постепена консолидација на оваа сфера од општественото живеење. Од друга страна кај младите постои голема доверба кон третиот сектор и религиозните институции.

Што се однесува до останатите перцепции врзани за општите перцепции и внатрешнополитичката ситуација, јасно е и евидентно дека постои консензус кај младите луѓе дека корупцијата е најгорливиот проблем на македонското општество и најзагрозувачки фактор за македонската економија, но загрижува процентот на млади кои и покрај ова би ја прифатиле корупцијата како профитабилна практика. Што се однесува пак на сферата на човековите права, евидентна е ситуацијата на социјална сензитивност и солидарност кај младите кон хендикепираните и кон социјално загрозените лица, но загрижува недовербата и отпорот кон подобрувањето на правата на жените и хомосексуалната популација.

Перцепциите на младите за **меѓународните односи** индицираат мошне интересни и позитивни

видувања во однос на повеќе прашања од оваа сфера. Така, прашањето на интеграцијата во Европската унија на Република Македонија не е доведено во сомнеж од страна на младите луѓе и претставува точка околу која постои максимално согласување кај младите во однос на сите демографски категории. ЕУ се препознава како стабилизирачки фактор и агенс на евентуалниот економски прогрес на Македонија, без чувство на загрозување на идентитетот и традициите присутни кај заедниците во државата.

Што се однесува на останатите перцепции на тема меѓународни односи, младите во државата позитивно гледаат на НАТО алијансата и зачленувањето на Република Македонија во неа, и покрај малите разлики во перцепциите кај испитаниците од различни етнички заедници. Што се однесува на перцепциите на младите кон работата на Обединетите нации и нивните специјалнизирани агенции, се добива впечаток дека е потребно потемелно запознавање на младите во Македонија со нивната работа и улога со цел поголема популаризација.

Испитаниците во рамките на ИОМ во Република Македонија покажуваат реално критички однос и кон третата тема на интересирање на анализата - **образованието**. И покрај релативно добрата оценка која младата популација ја дава за македонскиот образовен систем, одговорите на другите прашања од оваа тема укажуваат на недвосмислена скептичност која владее кај младите во однос на образовниот систем. Ова посебно оттаму што перцепциите за квалитетот на образованието кај испитаниците на ИОМ опаѓаат со секој нареден образовен степен, а релативно лоша оценка младите искажуваат и кон практичните вештини кои образовниот систем во Република Македонија ги нуди, како и кон можноста за наоѓање работа со конкретниот едукативен степен кој тие го поседуваат. Од ова јасно може да се види од каде потекнува перцепцијата кај младата популација дека на македонскиот образовен систем му е потребна темелна реформа.

Од друга страна пак, кај младите во Република Македонија евидентна е желбата за доедуцирање во странство со акцент на земјите на ЕУ и САД. Покрај ова, во делот на образованието, младата популација искажува поделени мислења околу преферираниот систем на образование, а очигледно е дека постојат поделени мислења и околу преференците на државните или приватните универзитети како терцијарни институции одговорни за високо образование.

Конечно, **економијата и миграциите** како последна, четврта тема на ИОМ се рефлектира во секојдневниот живот на младите на најдиректен начин и со самото тоа предизвикува интересни перцепции во однос на повеќе прашања. Младите во Република Македонија ги перцепираат невработеноста и корупцијата како најголеми проблеми од сферата на економијата и ја лоцираат одговорноста за справување со нив кај државните институции. Покрај тоа испитаниците сметаат дека дел од одговорноста лежи и врз нереформираниот образовен систем, а процесот на евроинтеграција го гледаат како можен излез од овие состојби.

Перцепциите на тема миграции кај младите индицираат голем потенцијал за емигрирање надвор од државата како резултат на незадоволството од економската ситуација, но сепак емигрирањето се перцепира како последна алтернатива. Голем дел од младите покажуваат желба да емигрираат трајно, а оние кои би емигрирале привремено ја преферираат ЕУ како посакувана дестинација.

# СИТУАЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА И ОПШТИ ПЕРЦЕПЦИИ

Најголемиот процент на млади во Република Македонија (42%) сметаат дека живеат во просечни услови, додека 29% проценуваат дека нивните услови за живот се добри. Овој збир на некој начин укажува на реалистичка перцепција на младите во Македонија, при што не може да се забележи дефетистичка реторика и претставување на својот животен простор во негативна конотација. Процентите на млади кои живеат во лоши (18,4%) и многу лоши услови (4%), и покрај тоа што се релативно високи, ја отсликуваат реалната состојба во државата. Податоците на истражувањето укажуваат на пропорционалност на квалитетот на животните услови со нивото на образование кај испитаниците, па така младите со завршено високо и вишо образование во поголем процент сметаат дека живеат во добри услови. Од друга страна, младите Албанци имаат значително повеќе позитивна перцепција за сопствените животни услови отколку нивните врсници од македонскиот етникум. Така, 13,8% од Албанците (наспроти само 3,6% кај Македонците) сметаат дека живеат во многу добри услови и дополнителни 42,8% кај Албанците (наспроти 24,8% кај Македонците) сметаат дека нивните животни услови се добри. Од друга страна, 20% од младите Македонци сметаат дека нивните животни услови се лоши. Индикативни се урамнотежените перцепции според категоријата место на живеење. И покрај тоа што постои генерална перцепција на помалку квалитетен живот во руралните средини и помали градови, сепак позициите на младите кои доаѓаат од овие средини не се во корелација со овие тенденции.

Антиципацијата на подобра иднина и поквалитетен живот кај младите е релативно цврста категорија при што 55% од младата популација на определен начин очекува подобрувања на животниот стандард. Притоа, 13,2% од младите сметаат на многу подобрени услови, додека 41,7% очекуваат нивните животни услови донекаде да се подобрат. Имајќи предвид дека само 5,6% антиципираат влошување на условите, тогаш валидно е да се каже дека кај младите во Македонија отсуствува нагласена скептичност апропо сопствената иднина. Меѓутоа, доколку се споредат очекувањата со моменталната состојба на животните услови, може да се утврди дека позитивен поглед кон иднината има оној дел од младата популација кој веќе живее во добри или просечни услови.[1] Спротивно на ова гледиште, само 20% од испитаниците кои сметаат дека живеат во лоши услови очекуваат некакво подобрување.

Аспектот на партиципативност на младото население во Македонија во политичко- економскиот систем и во цивилното општество укажува на загрижувачка летаргичност. Високи 64,2% од испитаниците не партиципираат во работата на ниту еден организациски модус, при што само 2% од младите се дел од некоја професионална организација. Податокот кој вели дека 15% од младите се членови на политички партии, а само 8% се членови на невладини организации, укажува на рудиментирана позиција на цивилниот сектор во Македонија. Дополнително, само 6% од младите активно се занимаваат со спорт. Притоа, во повеќето категории, најмал степен на партиципација се забележува кај младите кои живеат во Скопје. Нискиот степен на партиципација во политички партии е карактеристика и на другите балкански земји. На пример, во Босна и Херцеговина (БиХ) само 8% од младите се членови на некоја политичка партија.[2]

Меѓутоа, доколку се споредат овие податоци со реалните интереси на младите, се добиваат на моменти обратнопропорционални тенденции, при што отсуството на активна партиципација уште повеќе доаѓа до израз. Така, најголем број на млади се интересираат за забава и спорт (по 23,2%), при што само 6% активно се занимаваат со спортски активности. Голем диспаритет кој укажува на недостаток на можности има и кај интересот за економски прашања и бизнис (19,7%) кој пак го спроведуваат во практика само 2% од младите. Финално, може да се утврди дека младата популација е релативно деполитизирана со оглед на тоа што ниски 7% од младите се интересираат за политика, што е пак за 8% пониско од членството на младите во политички партии. Ова укажува на слаба активност на младите во политичките партии кои реално немаат аспирации своето членство да го инструментализираат во посериозен политички ангажман. Ако е за утеха, ситуацијата е многу слична и во другите земји од Балканот. Некои истражувања покажуваат дека само една третина од младите во БиХ гласа за време на избори, додека само 3% од нив се членови во законодавните тела, исто така во Бугарија околу 50% од младите ја имаат предвид апстиненцијата од гласање за време на избори, а во Албанија помалку од 1% од младите сметаат дека политиката има влијание на нивните животи.[3]

## Перцепции за јавните институции и меѓународните организации

Перцепцијата на младите во ова истражување се движи во рамките на веќе утврдените тенденции во однос на довербата во меѓународните институции и јавните политички институции, но со мали разлики во однос на приватните и организациите кои имаат поширок општествен карактер. Резултатите се јасно уочливи во графикон 1. Интересен е податокот дека најголем процент на доверба кај младите имаат банките. Банките се симбол на финансиска моќ и можностите за располагање со капитал. Како такви тие заедно со приватните фирми, ако не и повеќе, се симбол на пазарното општество. Фактот што младите имаат поголема доверба во симболите на приватниот сектор зборува дека се во поголема мера пазарно ориентирани и дека немаат големи очекувања од државата. Нивното незадоволство од јавните институции се надополнува, со поголемата доверба во меѓународните институции, што од своја страна може да се резултира со поголема поддршка на евроатлантските интегративни процеси, но и да биде мотив за емигрирање од Македонија.

Иако локалната самоуправа има повисоко ниво на доверба во споредба со другите институции, факт што се објаснува со беневолентноста, но и со неинформираноста на граѓаните за локалната самоуправа,[4] изненадува фактот што армијата и

[1] Така, 76,8% од испитаниците кои сметаат дека живеат во добри услови, очекуваат значително или некакво подобрување. Исто така, 77% од испитаниците кои сметаат дека живеат во просечни услови, очекуваат значително или некакво подобрување

[2] UNDP. Human Development Report Bosnia and Herzegovina 2000: Youth, Independent Bureau for Humanitarian Issues (IBHI), Sarajevo 2001.

[3] UNICEF and World Bank. Youth in South Eastern Europe: Report of the Rome Conference on Participation, Empowerement and Social Inclusion, Rome June 2002

[4] ИСППИ. Политичката култура на граѓаните и нивното влијание на работата на органите на локалната самоуправа, Скопје 2005 година.




Графикон 1. Степен на доверба на младите во Република Македонија (во проценти)

полицијата имаат висока доверба кај младите во Република Македонија. Довербата во армијата е интересен феномен, посебно ако се имаат предвид дебатите и барањата за укинување на задолжителниот воен рок, што и беше сторено на радост на некои 15-20.000 млади луѓе кои не само што го одбегнаа служењето во војска туку и казните кои им се заканува заради претходното избегнување на воената обврска[5]. Ваквите одговори повеќе влегуваат во контекст на општите перцепции во Македонија, отколку што се рефлексија на потребата за лична безбедност и сигурност.

Како и досега утврдените трендови кај општата популација, така и кај младите, Парламентот, Владата, Претседателот на државата, судството и политичките партии имаат најниско ниво на доверба.[6] Отсуството на доверба во јавните политички институции во земјите во транзиција генерално се објаснува преку два главни пристапа. Првото објаснување е во констелација со високата доверба во институциите кои го одржуваат мирот и стабилноста, армијата и полицијата, што се базира на авторитарната свест, како реминисенција на стариот режим, и потребата за "цврста" рака во политиката. Второто објаснување се заснива на фактот што консолидацијата на демократските системи сè уште не е завршена и заради неможноста да се воспостави систем на "добро владеење" не е можно граѓаните да имаат активно учество во политиката.[7] Заради тоа тие се чувствуваат отуѓени од политиката и имаат ниска доверба во јавните институции.

Ваквите констатации се можеби точни за поширокитe транзициони процеси, како и за влијанието што тие го имаат врз пошироката јавност. Но ако се погледнат истражувањата споредени во земјите на ЕУ за перцепциите на младите за политиката и за нивниот интерес за партиципација, ќе се забележат истите поразителни резултати како и истражувањата спроведени во Македонија. Така на пример, има корелации во однос на фактот што се очекува околу „60% од младите да не гласаат" на парламентарните избори,[8] што резонира став што е присутен кај младите во ЕУ. Имено, во истражувањето спроведено од Институтот за општествени истражувања и анализи (СОРА) од Австрија во 8 земји членки на ЕУ на примерок од 8,030 млади луѓе,[9] резултатите покажуваат дека во просек 64 проценти од младите немаат интерес за политика.[10] Резултатите од ова истражување покажуваат дека младите во Европа имаат исклучително ниска доверба во јавните институции и во политичките партии. Компаративните резултати се прикажани во табела 1.

Анализата на СОРА покажува дека младите имаат ниско ниво на политичка социјализација, но и дека фактори на влијание се нивната политичка

| Доверба во | ИОМ - Македонија | SORA - ЕУ 8 земји |
|---|---|---|
| Владата | 21.6 | од 12 до 19 |
| Парламентот | 25.6 | од 18 до 24 |
| Политичките партии | 19.9 | од 13 до 18 |

Табела 1. Компаративна споредба на перцепциите на младите од Македонија и некои земји членки на ЕУ, (во проценти)

[5] Сашко Димевски, во Утрински весник "Со закон ќе бидат амнестирани 15 илјади несудени регрути" Http://217.16.70.245/?pBroj=1189&stID=3922&pR=2
[6] За повеќе детали види Извештај за предвремено предупредување, UNDP, Скопје, март 2006.
[7] Ибид, стр. 14
[8] Според табелите и кростабулациите на Извештајот за предвремено предупредување од јуни 2006, види <<www.ewr.org.mk>>
[9] Истражувањето е спроведено во периодот од 2003 до 2005 година во Германија, Италија, Австрија, Франција, Финска, Велика Британија, Естонија и Словачка. За повеќе информации види на веб страна www.sora.at
[10] Westphal, Sabine. Political Participation of Young Europeans, Vienna: SORA, 2006.

| Доверба во | со пониско образование | со повисоко образование | просек | активни | неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| Владата | од 17 до 28 | од 27 до 29 | **21.6** | од 20 до 32 | 18 |
| Парламентот | од 15 до 21 | од 27 до 31 | **25.6** | од 26 до 33 | 14 |
| Политичките партии | од 12 до 37 | од 22 до 29 | **19.9** | од 22 до 36 | 13 |

Табела 2. Фактори кои ја условуваат довербата во политичките институции (во проценти)

партиципативност и степенот на образование. Доколку ги земеме овие два заклучоци и ги тестираме во истражувањето на младите во Македонија, ќе видеме дека и двата фактори имаат значително влијание во формирањето на ставовите на младите. Имено, резултатите прикажани во табела 2 покажуваат дека младите со повисок степен на образование, дефинирано како виша школа или факултетско образование, имаат повисока доверба отколку оние кои се со ниско или без образование. Истиот заклучок важи и за младите кои се активни, односно младите кои се пасивни во јавниот живот -имаат пониска доверба во јавните институции.

Се чини дека во однос на политичките институции ставовите на младите се во голема мера компатибилни со оние на нивните врсници од земјите на ЕУ и, како што заклучуваат тамошните аналитичари, пасивноста на младите се менува со „процесот на нивното созревање... и со нивното активно вклучување во различни организации".[11] Ваков заклучок би бил попримерен и во нашиот случај, во врска со ставовите на младите. Истражувањето покажува дека најголем дел од младите во Македонија (64,2 проценти) немаат општествени активности, било да се тоа во сферата на политиката, спортот, економијата или нешто друго. Ваквата пасивна животна филозофија очигледно создава чувство на отуѓеност и одбивност од јавните институции.

Но младите во Македонија се подложни и на влијанија од доминантната политичка култура и од општите перцепции на јавноста.

Во табела 3 се споредени резултатите од истражувањето на младите со резултатите од Извештајот за предвремено предупредување, објавен во март 2006 година. Скоро и да нема поголеми отстапувања од ставовите на општата јавност кај дадените институции. Довербата е најниска во јавните институции на системот, но додека кај општата јавност довербата се движи помеѓу 22 и 35 проценти, кај младите таа е пониска и изнесува од 20 до 25 проценти. Полицијата и армијата имаат компаративно повисока доверба, отколку што е тоа случај со јавните институции. Сепак довербата во нив е пониска отколку онаа што ја има општата јавност во Македонија, а истото е случај и со религиските институции. Ваквата констелација на односи последователно упатува на три заклучоци:

1. Младите во Република Македонија се пасивни во однос на настаните од јавен карактер;

2. Младите се помалку милитантни и авторитарни, отколку општата јавност;

3. Младите се во поголема мера секуларни и не придаваат големо значење на религијата.

Ако се има предвид и фактот дека младите имаат најголема доверба во банките, може да се извлече заклучок дека тие се ориентирани кон решавање и надминување на нивните секојдневни проблеми, претежно економски, а сé помалку се интересираат за политиката или религијата. Ако се има предвид дека за 44 проценти најголем проблем е невработеноста, станува појасна преокупацијата со личните практични проблеми.

Сепак, во однос на ставовите кон јавните институции треба се имаат предвид и другите фактори на влијание, и тоа пред сé етничката припадност. Имено, постојат отстапувања во погоре поставените параметри и тоа во однос на довербата во полицијата, армијата и во религиските институции. Табела 4.

Македонците имаат повисока доверба во армијата и полицијата, додека Албанците имаат

| Доверба во | ИОМ - јуни 2006 | EWR - март 2006 |
|---|---|---|
| Влада | 21.6 | 25.2 |
| Претседател | 25.6 | 35.9 |
| Парламент | 20 | 22.4 |
| Судство | 24.1 | 25.4 |
| Армија | 57 | 65.8 |
| Полиција | 48 | 57 |
| Банки | 60.6 | 48.7 |
| Локална самоуправа | 37.8 | 42.4 |
| Религиски институции | 45.2 | 72.1 |

Табела 3. Споредба на перцепциите на младите со перцепциите на општата јавност (во проценти)

[11] Ибид, стр.36

| Доверба во | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Армија | 62 | 49 | 57 |
| Полиција | 49 | 40 | 48 |
| Религиски институции | 41 | 55 | 45.2 |

Табела 4. Етничката припадност и довербата на младите во институциите (во проценти)

повисока доверба во религиските институции. Овој податок упатува на фактот дека етничката припадност исто така е фактор кој ги условува ставовите на младите во однос на довербата во некои од институциите. Покрај горенаведените институции, разлика во ставовите во однос на етничката припадност постои кај меѓународните институции. Од Албанците, 80 до 85 проценти имаат доверба во ЕУ, НАТО и ОН, додека кај Македонците довербата се движи помеѓу 40 и 50 проценти. Како што покажуваат други анализи, ваквите ставови се директно условени од различните перцепции на моделот на меѓуетнички односи кој се воведе со Охридскиот договор и улогата на различните институции во тој процес.[12] Сепак, треба да се потенцира дека и покрај различните етнички ставови, младите имаат релативно висока доверба во меѓународните институции, и тоа повеќе од пола од испитаниците кај сите институции. Компаративно гледано, ставот за повисока доверба во ЕУ отколку во домашните институции се истакнува и во заклучоците од испитувањето на младите во 8 земји членки на ЕУ. Освен кај овие институции, безбедносни, религиозни и меѓународни кои имаа извесна улога во кризата од 2001 и по неа, етничката припадност не игра голема улога во ставовите на младите за другите институции. Ставовите за меѓуетничките односи ќе имаат посебно место во анализата, но за момент треба да ја видиме перцепцијата на младите за влијанието на институциите во решавањето на проблемите со кои тие се соочуваат.

## Перцепции за општествениот ангажман и институционална инволвираност

Интересен е фактот дека најголемиот дел од испитаниците најмногу очекуваат токму самите да ги подобрат своите животни услови, без притоа да бараат помош од некој друг. Еден определен дел смета и на помошта на своите најблиски, а само 6,6% очекуваат тоа да го стори државата. Најголем дел од оние кои одговориле дека исклучиво самите ќе ја преземат одговорноста за унапредување на условите за живот, тоа сметаат дека ќе го постигнат со ново, подобро платено вработување (32,7%) или со отворање на свој сопствен бизнис (34,7% или 20% од вкупниот број на испитаници). Според овие податоци се добива впечаток дека сè поголем дел од младата популација ја зголемува својата самодоверба и ги намалува очекувањата дека нивните проблеми ќе бидат решени од некој друг.

Со оглед на проблемите со кои се соочуваат младите, поголем дел од нив сметаат дека Македонија оди во погрешна насока. Во исто време тие го лоцираат и најголемиот проблем, поради кој според нив државата оди во погрешна насока во обидот за негово решавање. Најголем дел од младите кои рекле дека Македонија оди во погрешна насока како најголем причинител за оваа состојба ја сметаат невработеноста и неуспехот за нејзино намалување (40%). Исто така висок процент се определиле за корупцијата (32,3%), а 20,6% од оваа група на испитаници сметаат дека сиромаштијата е основниот проблем во Македонија. Интересен, но и загрижувачки е фактот дека дури 32,4% од младите не можеле да се определат за насоката во која се движи државата во поглед на решавање на најгорливите проблеми. Сепак, поголем дел од оваа група на испитаници го лоцирале, според нив, најгорливиот проблем во моментот, а тоа е повторно невработеноста, но и сиромаштијата. Во секој случај, сиромаштијата е последица и во обидот за нејзино намалување, најголем напор треба да се посвети на решавање на причините поради кои таа зафаќа сè поголем слој од населението, а тоа е намалување на корупцијата и отворање нови работни места.

Во најголема мера младите сметаат дека владата ја сноси одговорноста за решавањето на тие проблеми (48 проценти), а потоа следат политичките партии со 33 проценти, додека за меѓународните организации и приватните фирми се определиле подеднакво по 22 проценти од испитаниците. Оваа ситуација искажува еден парадокс на општеството во Македонија. Имено, младите сметаат дека може да им помогне институција во која немаат доверба, а на второ место исто така е институција во која имаат уште помала доверба отколку во Владата. Овој податок може да служи како индикатор за објаснување на фактот што повеќе од 60 проценти од младите се искажале дека не се активни во јавниот живот. Очекувањето на помош од некој во кого првостепено немаат доверба, ја засилува пасивноста и неактивноста на младите во Република Македонија. Ако се погледнат поблиску резултатите, ќе видиме дека фактор на условување на ваквите ставови е пред сè возраста.

Младите помеѓу 26 и 30 години во поголема мера се оние коишто сметаат дека најголемо влијание во решавањето на проблемите имаат Владата или партиите. Додека тие имаат ниска доверба во Владата и партиите, како и другите групи, најголем дел од младите кои се изјасниле дека се членови на политички партии (21 процент, во споредба со 11 и 15 кај другите две групи) се во таа категорија. Од досега кажаното може да ги извлечеме следните заклучоци:

1.Политичката социјализација на младите зависи од нивната возраст; но и дека

2.Повозрасните, а со тоа и политички повеќе социјализирани млади луѓе, во поголема мера очекуваат помош од посредничките и јавните институции во политичкиот систем.

[12] Taleski, Dane. Images of Macedonia: Model of inter-ethnic relations and public perceptions, Paper delivered at the Nation States and Xenophobias: In the ruins in ex-Yugoslavia conference, Piran 13-14 May 2005

Ваквата констелација на понудени одговори укажува на можноста на развивање на "политички клиентелизам" кај младата популација, а посебно кај оние помеѓу 26 и 30 години. Но работите не се предодредени да тргнат во таа насока, бидејќи таа категорија на млади, во поголема мера од другите, ги посочува и приватните фирми дека имаат големо влијание во решавањето на проблемите. Но кои се факторите кои ги условуваат овие ставови? Групата на млади помеѓу 26 и 30 години во поголема мера се интересира за економија, т.е бизнис, факт што посебно се зголемува со степенот на образование. Значи, може да заклучиме дека возраста во констелација со политичката социјализација ги насочува младите кон зависност од политички и јавни институции во решавањето на проблемите, додека возраста во констелација со повисокиот степен на образование ги насочува младите да бараат решенија во приватниот сектор. И во двата случаи младите помеѓу 26 и 30 години почесто искажуваат доверба во своите потенцијали и подготвеност лично да се вклучат во решавањето на проблемите. Слична е ситуацијата и во другите земји од Балканот. Истражувањата покажуваат дека „додека високиот степен на образование не го намалува ризикот на младите да се остане невработен, сепак го намалува ризикот да се биде незаинтересиран и обесхрабрен".[13]

Помладите испитаници, од 18 до 22 години, се понесигурни во своите капацитети и сѐ помалку подготвени да се ангажираат во јавниот живот. За нив активностите во јавниот живот не се предизвик и најмногу ги интересира забавата (според 30 проценти од оваа група), додека младите од 22 до 26 години, а посебно оние кои имаат или ќе имаат повисоко образование, се во поголема мера сигурни во себе и сакаат да се вклучат активно во решавањето на проблемите. Сепак, и покрај добрата волја на младите, најчесто отсуствува политичка поддршка од институциите на системот, како и вклучување во приватниот сектор од страна на фирмите. Истражувањата покажуваат дека „колапсот на комунистичкиот систем и неговите програми за млади создаде вакум во политиката кон младите".[14] Декларативно, јавните институции ја препознаваат корисноста од вклучување на млади и обезбедување на механизми за нивен анганжман, на пример преку обезбедување на волонтерски стаж. Истражувањата направени во јавни институции во неколку земји од Балканот покажуваат дека преку 60 проценти од испитаниците вработени во јавната администрација велат дека нивните институции се отворени за млади волонтери.[15] Но во реалноста немаат волонтери заради отсуство на формални или технички предуслови. Истата студија покажала дека само 8 проценти од испитаниците во јавната администрација во Македонија рекле дека имаат услови да примат волонтери. Во исто време пак вработувачите во приватниот сектор „имаат слаби мотиви да вработуваат млади без искуство".[16] Незаинтересираноста на јавните институции и приватниот сектор да ги помогнат младите во посочената студија се објаснуваат со постоењето на коруптивни практики во балканските земји, отсуство на транспарентност во политиката на вработување, како и непотизмот и фамилијарните врски.

НВО и религиските институции имаат најнизок процент на одговори дека имаат големо влијание во решавањето на проблемите. Иако 44 проценти од младите имаат доверба во НВО, став кој е компатибилен со ставовите на младите во ЕУ,[17] само мал дел сметаат дека тие имаат влијание. Беневолентноста кон НВО, но и критичкиот осврт на нивните капацитети е можеби објаснувањето за ниските 7,9 проценти членство во НВО, што е сепак на второ место како форма на општествен ангажман. Ниските 8,6 проценти од младите кои сметаат дека религиските институции немаат големо влијание се во причинско-последична врска со секуларните афинитети на младите за разлика од општата јавност.

Останува отворено прашањето дали довербата во религиските институции би била повисока доколку младите сметаат дека таквите институции можат да ги решат нивните проблеми?

## Перцепции за меѓуетничките односи

Меѓуетничките односи веќе беа во мал дел под




Графикон 2. Перцепции на младите за позитивно влијание на меѓуетничките односи (во проценти)

[13] La Cava, et al. Young People in South Eastern Europe: From Risk to Empowerement, World Bank: January 2005, p. 73
[14] Ibid, p. 12
[15] Association for Democratic Prosperity - Zid. Voluntarism and Public Institutions, Podgorica: SEEYN, 2005.
[16] La Cava, et al. Young People in South Eastern Europe: From Risk to Empowerement, World Bank: January 2005, p. 72
[17] Westphal, Sabine. Political Participation of Young Europeans, Vienna: SORA, 2006.

опсервација. Поточно е да се каже дека различните перцепции во зависност од етничката припадност беа тестирани во однос на другите фактори на условување. И покрај стабилизацијата по конфликтот во 2001, парадигма за меѓуетничките односи е тоа дека „најголемите етнички заедници (Македонците и Албанците) имаат различни, дури спротивни погледи за нивните меѓуодноси“.[18] Но дали овие констатации важат и за најмладите и кои фактори влијаат на нивните ставови? Ако се погледне графиконот подолу, ќе видиме дема младите сметаат дека образованието, меѓународните организации и НВО имаат во поголема мера позитивно влијание на меѓуетничките односи.

И тоа во однос на образованието постои консензус кај младите, што е само надополнет со фактот што високи 42 проценти од општата јавност во Македонија смета дека образовниот систем не придонесува кон создавање на етнички тензии.[19] Младите кои се вклучени или до скоро биле вклучени во образовниот систем го оценуваат образованието како позитивно за меѓуетничките односи. Иако е нејасно дали се мисли на квалитетот на наставата или на аранжманите за учење и студирање на различните етнички групи, останува беневолентниот став за образовниот систем. Образованието е симбол на спознанието и на откривањето, прифакајќи го како позитивен момент, младите испраќаат порака дека преку запознавање едни со други се подобруваат етничките односи, но и дека тие самите не се плашат да ги научат разликите коишто постојат помеѓу етничките заедници.

Консензусот којшто постои за образовниот систем не е толку видлив кога се во прашање меѓународните институции и НВО. Додека за НВО Албанците во поголема мера имаат мислење дека тие имаат позитивно влијание на меѓуетничките односи (46,5 проценти), голем дел од Македонците не дале одговор на ова прашање (25,6%), а ставовите за негативно влијание се слични кај двете групи. Значи, во поглед на влијанието на НВО, Македонците и Албанците имаат различни, а не спротивставени ставови. Овој факт најверојатно се должи на тоа што најголем дел од НВО кои се во контакт со Албанците се занимаваат со меѓуетничките проблеми, додека само Македонците коишто живеат во мултиетнички средини доаѓаат во допир со тој тип на НВО. На тоа се должи беневолентноста на Албанците, но и незапознаеноста на Македонците. Други фактори коишто влијаат на одговорите се степенот на образование и местото на живеење. Младите со повисоко образование, коишто живеат во урбаните средини, во поголема мера веруваат во позитивното влијание на НВО, додека оние со пониско образование и кои живеат во руралните средини во помала мера се убедени во тоа. Вербата во позитивното влијание на НВО се зголемува со неактивноста на испитаниците. Се чини дека ниските можности и квалификации заедно со неактивноста на младите се причина за песимизам кон обидите на единките на цивилното општество да посредуваат во меѓуетничките односи.

Ситуацијата е донекаде инвертна кога се во прашање меѓународните организации. Резултатите се компаративно прикажани во долната табела 5.
Имено, младите кои живеат во урбаните средини во помала мера сметаат дека меѓународните организации имаат позитивно влијание по меѓуетничките односи, што е во корелација со пониското образование. Додека младите што живеат во руралните средини сметаат во поголема мера дека меѓународните организации имаат позитивно влијание, што е во корелација со повисокото образование што го имаат. Друг фактор што ја поддржува перцепцијата на позитивно влијание на меѓународните организации во меѓуетничките односи е поддршката која младите ја искажуваат за влез во НАТО и ЕУ. Имено, 46 до 48 проценти од оние кои би се изјасниле позитивно при гласање за влез во ЕУ или НАТО сметаат дека меѓународните организации имаат позитивно влијание. Заклучокот што се изведува е дека младите со повисоко образование, кои веќе генерално ја поддржуваат идејата за членство во евроатлантските структури, сметаат дека меѓународните организации имаат позитивно влијание на меѓуетничките односи.

Сепак, предоминантен фактор кој ја условува перцепцијата за улогата на меѓународните организации во меѓуетничките односи е етничката припадност на испитаниците. Албанците во поголема мера сметаат дека влијанието е позитивно (62,5%), отколку Македонците (36,2%), од кои една четвртина или 25 проценти сметаат дека влијанието е негативно, што е случај со 15 проценти од Албанците. Во овој случај погледите на Македонците и на Албанците се во одредена мера спротивставени. Како што веќе беше истакнато, тоа најверојатно се должи на различните перцепции за улогата на меѓународните организации во кризата од 2001, но и во процесот на имплементација на Охридскиот договор. Во поглед на позитивните влијанија во меѓуетничките односи постојат извесни поклопувања, но и различности во ставовите, како и извесни спротивставувања.

Но што се случува кога се во прашање перцепциите за негативното влијание на меѓуетничките односи? Според младите, политичките партии имаат во најголема мера негативно влијание на меѓуетничките односи. Тоа го сметаа дури 52 проценти од испитаниците. Втори по ред се медиумите, со 38 проценти, и блиску до нив е Владата со 36. Овие

| Позитивно влијание | пониско образование | повисоко образование | просек | урбани средини | рурални средини |
|---|---|---|---|---|---|
| НВО | 31 | 45 | 37.7 | 39 | 36 |
| Меѓународни организации | 40 | 50 | 42 | 39 | 50 |

Табела 5. Фактори кои ја условуваат позитивната перцепција за влијанието на НВО меѓународните организации на меѓуетничките односи (во проценти)

[18] UNDP. Извештај за предвремено предупредување, Скопје, март 2006, стр. 39
[19] Ибид.




Графикон 3. Перцепциите на младите за негативното влијание на меѓуетничките односи (во проценти)

резултати ги резонираат општите ставови дека „граѓаните ги сметаат политичарите за одговорни за меѓуетничките односи, како и дека граѓаните сметаат дека медиумите се виновни за состојбата на меѓуетничките односи".[20]

Покрај влијанието на пошироката јавност, што ќе рече доминантната политичка култура ги дефинира ставовите на јавноста во оваа смисла, извесно влијание има и етничката припадност на испитаниците, посебно кога се во прашање политичките партии. Политичките партии во повеќе наврати имаат користено реторика на етничка мобилизација за да остварат некоја своја цел.[21] Но додека 53 проценти од Македонците сметаат дека тие имаат негативно влијание на меѓуетничките односи, 48 проценти од Албанците го делат тој став, додека 32 велат дека влијанието е позитивно, што е случај само со 18 проценти од Македонците. Во поглед на влијанието на политичките партии на меѓуетничките односи, постојат извесни различни и спротивни ставови во однос на етничката припадност на испитаниците. Соодносот на Македонци и Албанци кои се изјасниле дека се членови на политички партии е скоро ист, така што објаснувањето треба да се бара во начинот на којшто младите Албанци и Македонци ги доживуваат политичките партии, како и вредностите кои им ги припишуваат.

Оставајќи ги настрана различните ставови, во однос на увереноста на негативното влијание коешто го имаат медиумите и Владата на меѓуетничките односи, скоро и да не постојат големи разлики во одговорите во однос на етничката припадност на испитаниците, или другите фактори на влијание. Се чини дека медиумската презаситеност, како и користењето на меѓуетничките односи од страна на Владата како призма низ која се прекршуваат коалиционите договори, но и користењето во дневно-политички цели, носи данок во однос на перцепцијата на младите. Овој сериозен проблем што го детектираат и другите анализи на ставовите на општата јавност укажува дека медиумите и јавните политички институции не ги извршуваат доволно добро некои од нивните општествени функции. Имено наместо да обезбедат општестена кохезивност, посебно Владата, тие се посматрани како агенси на негативно влијание во општествените односи.

Сепак, најголем дел од младите (47 проценти) сметаат дека меѓуетничките односи се подобрени во однос на минатата година, а повеќе од една третина (37 проценти) сметаат дека истите и ќе се подобрат во идната година. А додека 10 проценти сметаат дека етничките односи се влошиле во споредба со минатата година, само 8 проценти очекуваат влошување во идната година. Македонците се во извесна мера поголеми песимисти во однос на меѓуетничките односи. 11 проценти од нив, за разлика од 6 проценти Албанци, сметаат дека односите се влошени во однос на минатата година, а 10 проценти очекуваат тие да се влошат и во идната година, што е случај само со 4 проценти кај Албанците. Ова укажува дека кај мал дел од младите Македонци постои страв од развојот на меѓуетничките односи. Сепак е нејасно дали тој страв е поврзан со некое лично чувство на загрозенот или е реакција на зголемените права на етничките заедници по имплементацијата на Рамковниот договор.

Она што е јасно е дека постои корелација помеѓу испитаниците кои сметаат дека Македонија оди во погрешна насока и дека меѓуетничките односи се влошени во однос на минатата година (17 проценти), односно дека тие ќе се влошат во идната година (13 проценти). Иако на прв поглед се чини дека песимистите си остануваат песимисти, вреди да се потенцира фактот дека тоа се само 30 до 50 проценти од одговорите на испитаниците кои сметаат дека Македонија оди во погрешна насока. Близу 30 проценти од младите кои сметаат дека одиме во погрешна насока, очекуваат подобрувања во меѓуетничките односи, т.е 35 проценти од нив рекле дека меѓуетничките односи се подобрени во однос на минатата година. Младите генерално сметаат дека меѓуетничките односи се подобрени, односно дека и во иднина ќе се подобруваат, што е во целосна согласност со ставовите и очекувањата на пошироката јавност во Република Македонија.[22]

## Перцепции за корупцијата во Македонија

Корупцијата во Република Македонија претставува еден од најгорливите проблеми во

[20] UNDP. Извештај за предвремено предупредување, Скопје, март 2006. стр 37-38.
[21] Види поопширно кај Daskalovski, Zhidas, Walking on the edge: Consolidating multi-ethnic Macedonia, Skopje, 2005.
[22] UNDP. Извештај за предвремено предупредување, Скопје, март 2006. стр. 3

| Година на испитување | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|
| Corruption perception index score (CPI score) | 2.3 | 2.7 | 2.7 |
| Рангирање на Република Македонија | 108 | 99 | 104 |
| Вкупен број на рангирани држави | 133 | 145 | 158 |

Табела 6. CPI score на Република Македонија во периодот 2003-2005[23]

изминатите 16 години на транзициони реформи и усилби за демократска и економска консолидација на државата. Во оваа смисла, податоците на голем број меѓународни организации меѓу кои се истакнува CPI (corruption perception index на Transparency International) укажуваат на фактот според кој граѓаните на Република Македонија во голема мера ја перцепираат сопствената држава како мошне корумпирана. Во прилог на ова говори и рангирањето на Република Македонија во истражувањата спроведени од страна на оваа организација според кои Македонија се наоѓа во долниот дел на табелата во однос на перцепцијата на сопствените граѓани во врска со степенот на корупција. Табела 6.

Дека овој тип на перцепирање на корупцијата не е ништо поразличен кај младата популација покажуваат и резултатите од истражувањето спроведено од страна на Фондацијата Фридрих Еберт и Институтот за демократија "Societas Civilis". Запрашани да го лоцираат најголемиот проблем во Македонија, корупцијата го зазема високото второ место (26,7% од испитаниците се одлучиле за корупцијата како најголем проблем во РМ) и се рангира веднаш зад невработеноста (невработеноста е најголем проблем за 44,8% од популацијата). Еднаквата дистрибуираност на коруптивната перцепција укажува на тоа дека кај младите луѓе во Македонија постои **општ консензус** околу ова прашање без разлика на пол, етничка припадност, место на живеење, образование или професија.

Ова не би бил толку загрижувачки факт доколку корупцијата недвосмислено не се перцепира како **крајно детерминирачки фактор** апропо слабата економска состојба во која се наоѓа Република Македонија. Запрашани да ги рангираат причините за бавниот економски развиток на Република Македонија, младата популација истакнува два проблема како водечки во овој контекст: корупцијата и слабото менаџирање од страна на Владата. Корупцијата како хедикепирачки фактор за економијата е многу важен проблем за 72,4% од испитаниците, а важен проблем за 21,1% од нив. Ова укажува на огромен процент од 93,5% од младите респонденти кои сметаат дека корупцијата веќе со години го разградува економското ткиво на Република Македонија и како таква е присутна и одговорна за бавниот економски раст.

Она што е интересно да се потенцира во однос на гореспоменатите статистики е и комплетното **коинцидирање** во однос на двата најодговорни фактори за бавниот економски раст во перцепциите на младите луѓе. Имено, лошото менаџирање од страна на Владата е мошне важен фактор за 72,4% од испитаниците, а важен фактор за 21,4% од нив (93,8% вкупно). Оваа застрашувачка коинциденција помеѓу неефикасноста на Владата и корупцијата (93,5%) може да индицира само едно нешто: младите луѓе во Македонија корупцијата во најголем степен ја лоцираат во највисоките органи на власта и со тоа ги сметаат за

| | ИОМ - Процент на млади луѓе кои се изјасниле дека постои корупција во | Извештај за навремено предупредување - UNDP[24] Процент на испитаници кои се изјасниле дека постои корупција во |
|---|---|---|
| Министерства | 89,7 | 88,7 |
| Парламент | 80,5 | 83,9 |
| Полиција | 84 | 79,2 |
| Судство | 89,6 | 87,8 |
| Здравство | 88,3 | 84 |
| Образование | 82,9 | 77,3 |
| Локална самоуправа | 81,2 | / |
| Царина | / | 88,2 |

Табела 7. Компаративна анализа на перцепциите на младите луѓе во врска со корупцијата во државните органи во однос на националниот просек

[23] Извор: Transparency International
[24] Податоците се преземени од Извештајот за навремено предупредување на UNDP (март 2006) достапни на www.ewr.org.mk.

најодговорни за бавниот економски раст, но и одговорни за состојбата со застапеноста на корупцијата, која феноменолошки очигледно следи еден октроиран образец на рефлектирање (top to bottom).

Младите луѓе во Македонија ја перцепираат корупцијата како проблем кој е прецизно лоциран во одредени државни органи. Во овој контекст тие многу малку инклинираат во однос на националниот просек во смисла на одредена специфична популација компарирана со генералните ставови на популацијата во Република Македонија кои во последниот период достигнуваат плафонски вредности (заклучно со март 2006, според податоците на United Nations Development Programme - Македонија).[25] Компарацијата во оваа смисла е мошне индикативна и во однос на издвојувањето на најкорумпираните органи на власта каде што националниот просек и истражувањето за очекувањата на младите индицираат скоро идентична ситуација.

Очигледно е дека инклинациите кај севкупната популација и кај младите луѓе се незначителни, а дека рангирањето на најкорумпираните институции е слично. Кај младите ова рангирање од најкорумпирани до најмалку корумпирани институции е по следниот редослед: министерства, судство, здравство, полиција, образование, локална самоуправа, парламент. Кај генералната популација истото рангирање е на следниот начин: министерства, царина, судство, здравство, парламент, полиција, образование. Со мали разлики очигледно е дека министерствата и судството во обата случаја го задржуваат непопуларниот примат на најкорумпирани институции. Табела 7.

Иако корупцијата се посочува како очигледно деструктивен проблем, истражувањето во рамките на Youth Aspiration Project покажува една друга загрижувачка димензија на работите. Имено, прашањето на примање и земање мито кај младата популација од 18 до 30 години е позастапено во однос на националниот просек. Како што покажуваат резултатите, високи 37,9% од младите биле сведоци на примање мито или директно им биле побарани противуслуги за завршување на одредена работа која законски им следува.[26] Ова укажува дека **младите луѓе почесто се среќаваат со коруптивни практики**, веројатно поради степенот на социјален активитет на оваа специфична група, што секако загрижува и создава чувство на перпетуација на негативните навики и нивен трансфер од постарите кон помладите.

Дека **културата на корупција** се перпетуира и пренесува како традиционална форма на однесување во Република Македонија говори и фактот дека 23,1% од младите испитаници одговориле дека би земале мито доколку имаат прилика истото да го сторат. И покрај севкупниот негативен одиум кон корупцијата, кој е на ниво на општествен консензус, и свесноста за неговото штетно влијание врз економијата, скоро една четртина од младите испитаници не би ја избегнале оваа штетна практика и покрај сé. Ако кон ова се придодаде и групата од 19% испитаници кои немале одговор или не сакале да одговорат на ова директно, ситуацијата добива демагошки димензии, што е навистина поразителен факт земајќи предвид дека се работи за група на млади луѓе од 18 до 30 години. Ова не укажува само на силата на традицијата во пренесувањето на матриците на општественото однесување туку и на безизлезноста на голем дел на младите луѓе во Македонија. Да не заборавиме дека 22,3% од младите во Македонија сопствените услови за живеење ги оцениле како лоши или многу лоши, а дури 87,8% сметаат дека економската ситуација во Македонија во моментот е лоша или многу лоша. Линијата на помал отпор кај дел од младата популација под овие околности е очекувано однесување.

Севкупноста на податоците во врска со коруптивните практики во Република Македонија говори за потреба од организиран и кохерентен пристап за соочување и борба со неа, со оглед дека досегашниот пристап очигледно не дава видливи резултати, а посебно кај младата популација. Поголемиот процент на млади луѓе ја перцепираат корупцијата како дел од нивното секојдневие, но и како потенцијално профитабилна практика, а за сериозноста на ситуацијата говори и фактот дека не постојат разлики во перцепцијата на корупцијата кај младите луѓе кои својата финансиска ситуација ја оцениле како добра или одлична, во однос на (условно кажано сепак се работи за индивидуална перцепција) посиромашните слоеви.[27] Корупцијата е проблем за економскиот развиток подеднакво дури и за оние кои се добро или одлично ситуирани што корупцијата ја легитимира како една од канцерогените точки на македонската економија.

## Перцепции за правата на одредени социјални групи

Степенот на свест во однос на човековите права и правата на маргиналните групи кај младата популација беше дел од фокусот на истражувањето на очекувањата на младите. Следствено на ова, испитувањето покажа

| | Правата треба да се подобрат | Имаат доволно права | Правата треба да се редуцираат | Не знам / Нема одговор |
|---|---|---|---|---|
| Женски права | 50% | 40,6% | 6,1% | 5,3% |
| Права на малцинства | 21,5% | 47,4% | 25,6% | 5,6% |
| Права на хомосексуална популација | 12,6% | 22% | 49% | 16,5% |
| Права на хендикепирани | 90% | 7,4% | 0,9% | 1,7% |
| Права на сиромашните | 89,2% | 6,3% | 1,4% | 3% |

Табела 8: Ставови на младите луѓе кон правата на одредени социјални групи

[25] Оваа ситуација на зголемување на перцептивната маса апропо корупцијата во државата ја потврдува и падот на Република Македонија на Ранг-листата на Transparency International за 5 места. Види табела 6.
[26] Националниот просек според податоците на Извештајот за навремено предупредување на UNDP во март 2006 изнесува 18, 1%.
[27] Од оние испитаници кои одговориле дека финансиската ситуација им е одлична, само 2,2% одговориле дека корупцијата не е толку важна за слабиот економски развој, а ниту еден не одговорил дека таа е неважна. Кај оние кои се изјасниле дека финансиската ситуација им е добра, адекватните проценти се 2,9'% и 1,1%.

големи разлики во перцепциите на младите луѓе во однос на различните групи во општеството имплицирајќи радикално различни ставови во однос на правата на петте групи на граѓани (и спектарот на истите) кои беа испитувани.

Со цел прецизно да се утврди ставот на младите кон правата на жените, етничките заедници, хомосексуалната популација, хедикепираните лица и сиромашните, беа понудени одговори кои експлицитно го мерат социјалниот активититет (или пасивност) на младите во однос на практикувањето на правата на горенаведените групи на граѓани во Република Македонија. Резултатите се прикажани во табела 8.

Од табеларниот приказ на ставовите на младите луѓе во Македонија во однос на правата на одредени социјални групи евидентна е разликата во перцепциите на различните општествени стратуми. Ова, од една страна, го одредува фокусот и ширината на јавната дебата во Република Македонија која очигледно селективно се води во однос на различните социјални сегменти (дебатата околу малцинските и женските права е далеку поприсутна во последните 16 години отколку да речеме правата на ЛГБТ популацијата), а, од друга страна, укажува на огромен волумен на предрасуди во однос на одредени прашања.

Она што е евидентно е дека социјалната димензија на човековите права е мошне осетлива тема за младите луѓе во Република Македонија. Во оваа смисла, правата на сиромашните и хендикепираните лица се безусловно поддржани во секоја смисла, што е повторно на ниво на консензус кај младите луѓе без разлика на демографските обележја од каков било карактер. Високите 90% и 89,2% на млади луѓе кои се за зголемување на правата на хендикепираните и сиромашните лица укажува на голем степен на **социјална солидарност**, но веројатно (посебно ако се допре темата сиромаштија) на **идентификација** на голем дел од младата популација со овие групи (може да се заклучи дека ова е индицирано и во севкупноста на економските индикатори во ова истражување кои младите ги перцепираат како негативни). Во оваа смисла, димензијата на солидарност и социјална свест не е загрозена кај оваа популација, што укажува на долга традиција на постоење на социјална држава која се пренесува кон помладите.

Овој првобитно позитивен впечаток веќе е доведен во прашање во однос на правата на женската популација каде степенот на поддршка рапидно опаѓа. Во овој случај, поддршка за зголемување на женските права изразиле половина од испитаниците, а 40,6% од нив сметаат дека жените имаат доволно права. Ако кон ова ова се придодадат 6,1% од младите кои сметаат дека овие права треба да се редуцираат, се добива процент од 46,7 на млади луѓе кои во најмала мера не би поддржале афирмативна акција во однос на женските права. Ова укажува на силен **конзервативен капацитет** во однос на оваа тематика, но и на постоење на **пасивен отпор** кон унапредување на улогата на жената кај голем дел од младата популација.

Податоците на истражувањето индицираат и уште еден непобитен индикатор, а тоа е **силната полова поларизираност** кога се работи за женските права. Различните перцепции за женските права се факт во однос на половата перцепција, со оглед на тоа дека едната страна е директно засегната. Така, само 33,1% од младите мажи на возраст од 18 до 30 години сметаат дека женските права треба да се подобрат, додека овој процент кај жените изнесува 73,4%. Високи 53,7% од машките испитаници сметаат дека жените имаат доволно права. Овој процент кај женските испитаници е само 22,4%. Заклучокот е повеќе од очигледен. Склоноста кон конзервативни матрици на однесување е далеку поизразена кај младата машка популација што индицира силно дефинирани родови улоги во рамките на семејството и општеството, но и доза на наследени предрасуди кај оваа популација.

Сепак, далеку поизразен капацитет на предрасуди постои во однос на прашањето на правата на хомосексуалната популација во Македонија. Ако во однос на женските права постоеше пасивен отпор кај одредена популација, во однос на хомосексуалните права постои **активен отпор** кај младите испитаници во рамките на ова истражување. Евидентно е дека во овој случај не можеме да зборуваме за поддршка (само 12,6% се изјасниле за зголемување на правата на хомосексуалната популација) кон правата на хомосексуалците, а отпорот е повеќе од евидентен (22% - имаат доволно права). Активниот отпор кон промовирањето на правата на геј-популацијата се рефлектира во дури 49% од испитаниците кои се изјасниле за редуцирање на правата на хомосексуалната популација. Иако женските испитаници се повторно за нијанса полиберални од мажите, и кај женската популација отпорот кон зголемувањето на правата на хомосексуалната популација е евидентен и високо присутен.

Овие податоци стојат делумно во коинциденција, но и во делумен конфликт во однос на неодамнешната студија на Македонската асоцијација за слободна сексуална ориентација (МАССО) која се бави со проблемите на ЛГБТ популацијата[28] во Република Македонија. Од една страна, ИОМ истражувањето и анализата спроведена од страна на МАССО недвосмислено покажаа дека кај голем дел од популацијата темата на хомосексуалноста и правата на хомосексуалците предизвикуваат непријатност и се дел од едно пошироко **општествено табу**. Во однос на петте испитувани категории кај ИОМ истражувањето групата на оние кои не сакале да дадат одговор или не знаеле да одговорат е далеку поголема отколку во однос на другите испитувани социјални групи[29] (дури 16,5% од испитаните одговориле со „не знам" или „нема одговор"). Од друга страна, се поставува прашањето: дали е реална проценката на МАССО за процентуална застапеност од 10% (200 000 луѓе) на хомосексуална популација во ситуација на сериозен отпор кон феноменот на хомосексуалноста и промовирањето на геј-правата од страна на младата популација (кои по дефиниција би требале да бидат најлибералниот дел од општественото милје)?

Односот кон правата на етничките заедници ја отсликува постконфликтната реалност на Република Македонија и кај младата популација. Иако постои голема поделеност во однос на ова прашање, јасно е дека рамката со која се дефинираа правата и обврските на поголемите етнички заедници  Охридскиот рамковен

[28] Се работи за студијата „Идентификување на ЛГБТ популација во Република Македонија  2004/2005 година" достапна на www.masso.org.mk.

[29] Посебно треба да се има предвид дека ова прашање не подразбира ниту минимум стручна експертиза, туку едноставно личен став кон одредено прашање.

договор, се доведува во прашање од еден процентуално значаен дел на младите луѓе во Македонија. Имено, дури 25,6% од младите испитаници одговориле дека правата на етничките малцинства треба да се редуцираат, додека 47,4% се задоволни со состојбата на правата во оваа сфера. Потенцијал за афирмативна акција постои кај 21,5% од респондентите. Ова не укажува на загрозување на етничките односи[30] per se, туку на незадоволство кај дел од популацијата од правилата на игра дефинирани со Рамковниот договор.

Симптоматична е **етничката перцепција** во однос на ова прашање од аспект на двете најбројни заедници во Македонија: етничките Македонци и етничките Албанци. Разликите во перцепцијата на малцинските права се очигледни веќе кај афирмативната акција за која се определиле 60,6% од етничките Албанци, но само 8,8% од етничките Македонци. Дека етничките заедници имаат доволно права сметаат 52,4% Македонци наспроти 30,9% млади Албанци. За рестриктивна акција се определиле 5,2% Албанци наспроти високи 32,5% од младите Македонци. Ова јасно говори за разликите во перцепцијата детерминирани од припадноста кон одредена етничка група, но и за перцепцијата на проблемот на правата на етничките зедници кај младите како ситуација на добитници и губитници (вклучително и Охридскиот рамковен договор).

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Заклучоци:

- Најголем дел од младите во Република Македонија сметаат дека имаат просечни услови за живот, со очекување дека во иднина истите услови ќе се подобрат. Скептични во однос на својата иднина се младите кои имаат полоши услови за живот.

- Најголем дел од младите во РМ, повеќе од 60 проценти, немаат никаков општествен ангажман и се сосема летаргични. Од оние коишто се активни најголем дел се членови на политички партии, помал дел се членови на невладини и спортски организации, а најмалку се членува во професионални организации.

- Младите во РМ најмногу се интересираат за забава и спорт, а донекаде и за економски прашања, додека најмал интерес имаат за политика.

- Највисока доверба младите во Република Македонија имаат во банките и во меѓународните организации.

- Најниска доверба младите во РМ имаат во политичките партии и јавните политички институции (влада, парламент, претседател). Како и кај младите во ЕУ, ниската доверба во политичките партии и јавните политички институции се должи на степенот на образование и социјалната активност.

- Ставовите на младите се под силно влијание на доминантната политичка култура и ставовите на општата јавност. Ова укажува дека кај младите во РМ доминира парохијална политичка свест. Но младите во РМ се и пасивни во однос на јавните настани, не се милитантни и се во голема мера секуларни.

- Младите Албанци имаат повисока доверба во меѓународните и религиските институции. Младите Македонци имаат повисока доверба во АРМ, додека ставовите кон другите институции, политички или не, се без големи разлики.

- Според младите во РМ, Владата и политичките партии имаат најголемо влијание во решавањето на проблемите. Во констелација со другите заклучоци, ова укажува дека кај младите се развива политички клиентелизам.

- Иако имаат прилично висока доверба во НВО и религиските институции, многу мал дел од младите очекуваат конкретна помош од нив.

- Самоиницијативноста и довербата во личните капацитети зависи од возраста и степенот на образование што младите го имаат.

- Најголем дел од младите во Република Македонија сметаат дека меѓуетничките односи се подобрени или се исти во однос на минатата година. Исто така, најголем дел очекуваат подобрување во идната година.

- Младите во РМ, без разлика на етничката припадност, сметаат дека образованието има најпозитивно влијание на меѓуетничките односи. Младите Албанци исто така сметаат дека позитивно влијание имаат и невладините и меѓународните организации.

- Според младите во РМ, политичките партии, медиумите и Владата имаат негативно влијание на меѓуетничките односи. Политичката и медиумската експлоатација на меѓуетничките односи создава негативен одиум кај младите.

- Корупцијата во Република Македонија се перцепира како еден од најприоритетните проблеми. Кај младите постои општ консезус околу ова прашање.

- Младите недвосмислено сметаат дека корупцијата е еден од најодговорните фактори за слабата економска состојба во која се наоѓа Република Македонија.

- И покрај негативната перцепција кон корупцијата кај голем дел од младите културата на коруптивно однесување се третира како прифатлив начин на однесување.

- Во Република Македонија димензијата на социјална солидарност кон хендикепираните лица, како и кон сиромашните е присутна во голема мера помеѓу младата популација.

- Кај младата популација (посебно кај мажите) постои

[30] Не треба да се занемари дека во однос на меѓуетничките односи кај младите владее оптимизам. Дури 37% сметаат дека меѓуетничките односи ќе се подобрат или многу ќе се подобрат во наредната година, а само 8,8% сметаат дека ќе се влошат или многу ќе се влошат. 33,5% сметаат дека меѓуетничките односи ќе останат исти.

пасивен отпор кон подобрување на правата на жените.

- Правата на хомосексуалната популација во Република Македонија наидуваат на активен отпор кај младата популација што укажува на постоење на социјално табу кај голем дел од оваа старосна група.

- Малцинските права сè уште резултираат со необјективна и пристрасна перцепција кај младите во зависност од припадноста кон одредена етничка група.

- Младите во Република Македонија покажуваат силен конзервативен капацитет во однос на третирањето на различните социјални групи

Препораки:

- Да се создадат услови за поголем општествен ангажман на младите, пред сè во јавните институции и во професионалните здруженија, преку обезбедување на волонтерски стаж.

- Да се промовира потребата и корисноста на вклучување на младите во општествениот живот од страна на јавните институции, но и невладините организации кои се занимаваат со младински прашања.

- Да се создадат механизми за едукација на младите за јавните политички институции и интеракција со нив. Покрај образовните теми за јавните институции, во формалното или неформалното образование во РМ, истите би можеле еден ден во годината да се отворат за посети од страна на младите.

- Да се создадат инструменти за искажување и креирање на младинските ставови кои ќе бидат достапни до пошироката јавност во РМ, пред сè од младинските организации, но и од другите институции кои имаат интерес од тоа (пример: подмладоците на политичките партии)

- Да се обезбеди поголема јавна поддршка од банките и меѓународните организации за поттикнување на ангажман од страна на младите.

- Да се создадат механизми за ангажман, пред сè економски, на младите кои имаат повисок степен на образование.

- Владата и политичките партии да престанат со практиката на партиски вработувања во јавната администрација.

- Да се внесат во образовниот систем теми кои ќе ги третираат меѓуетничките односи. Без разлика дали таквите теми ќе бидат дел од формалното или неформалното образование, треба да се имплементираат на целата територија во Република Македонија, а не да бидат исклучиво имплементирани само во мултиетнички средини.

- Програмите и проектите кои се наменети да ги подобрат меѓуетничките односи треба да се активни и вон мултиетничките средини.

- Политичките партии и јавните политички институции да не ги третираат меѓуетничките односи во нивната секојдневна политика и да престанат со практиката на етничка мобилизација за политичка поддршка.

- Медиумите треба да го ставаат акцентот на информациите на фактите и аргументите пред да се фокусираат на етничката припадност. Етнизацијата на настаните по секоја цена пред сè носи негативни перцепции кон медиумите, а исто така е и штетна за меѓуетничките односи.

- Да се иницира посеопфатна кампања за справување со корупцијата на сите нивоа, а посебно на ниво на системски решенија кои оставаат простор за практики од овој карактер.

- Да се започне со јавна кампања за борба против корупцијата со посебен акцент на последиците која таа ги остава врз економијата на државата.

- Да се иницира засилена јавна дебата околу прашањата на родовите права, како и правата на хомосексуалната популација.

- Да се засилат напорите околу менувањето на перцепцијата на малцинските права извлекувајќи ја од контекстот на „победници" и „губитници".

- Да се утврдат и анализираат причините кои доведуваат до создавање на силен конзервативен капацитет кај младата популација во Македонија.

# МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Имајќи ја предвид комплексната констелација на домицилни и регионални односи во чии рамки функционира македонскиот општествен систем, неопходно е да се потенцира улогата и важноста на влијанието на меѓународните фактори врз Република Македонија. Тука несомнено приоритетни се двата паралелни процеси на интеграција во Европската унија и НАТО кои практично на долг рок ќе бидат едни од најважните чинители во политичко-економскиот развој на државата и нејзината идна позиција на меѓународната сцена. Овие два процеси претставуваат врвни државни интереси и се едни од главните стожери на дебатата околу иднината на младите во Македонија. Оттука, се јавува и потребата од подетално истражување на перцепциите и очекувањата на младата популација насочени кон евроатлантската иднина на Македонија. Следствено, се јавува и потребата од канализирање на перцепциите и за работата на Обединетите нации како уште еден значаен меѓународен фактор.

мајќи ја предвид комплексната констелација на домицилни и регионални односи во чии рамки функционира македонскиот општествен систем, неопходно е да се потенцира улогата и важноста на влијанието на меѓународните фактори врз Република Македонија. Тука несомнено приоритетни се двата паралелни процеси на интеграција во Европската унија и НАТО кои практично на долг рок ќе бидат едни од најважните чинители во политичко-економскиот развој на државата и нејзината идна позиција на меѓународната сцена. Овие два процеси претставуваат врвни државни интереси и се едни од главните стожери на дебатата околу иднината на младите во Македонија. Оттука, се јавува и потребата од подетално истражување на перцепциите и очекувањата на младата популација насочени кон евроатлантската иднина на Македонија. Следствено, се јавува и потребата од канализирање на перцепциите и за работата на Обединетите нации како уште еден значаен меѓународен фактор.

## Перцепции врз процесот на приближување кон Европската унија

Трендот на високо одобрување на процесот на приближување на Македонија кон Европската унија кој се транспонира во голема процентуална поддршка кај општата популација во текот на последните две години е индикативен и кај младата популација. Така, високи 73,8% од граѓаните на возраст од 18 до 30 години би гласале на референдум за членство на Македонија во Европската унија. Меѓутоа, и покрај тоа што аспирациите на младите за членство во ЕУ не можат да се доведат во прашање, сепак може да се потенцира помалиот процент на поддршка кај оваа целна група во споредба со општата популација во Македонија. Оттука, 87,2% граѓани од целокупната популација во Македонија би гласале за членство во ЕУ доколку следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ,[31] што претставува скоро 14,5% повисока инклинација кон ЕУ наспроти пониската афилијација кај младите. Табела 9

Покрај очекуваната трендовска деклинација на високата поддршка за членството во ЕУ која беше уочлива кај сите земји кандидати за членство во периодот по доделувањето на кандидатскиот статус, во случајот на Македонија се наметнуваат и поконкретни фактори кои не се директно поврзани со влијанието на реформскиот процес и проблемите кои произлегуваат од него. Очекуваниот пад на евро-еуфоријата која го забележа својот врв во двата најзначајни моменти, т.е. поднесувањето на апликацијата за членство и прогласувањето на кандидатскиот статус, на некој начин е подвлечен со два паралелни процеси кои се одвиваат во Македонија и во Европската унија.

Од една страна, реално е да се очекува изборниот процес кој е централна општествена тема во првата половина од 2006 да го засени техничко-административниот дел на процесот на европска интеграција. На некој начин, и покрај тоа што приближувањето кон ЕУ е една од поважните теми во текот на кампањата, сепак таа игра споредна улога наспроти важноста на изборната победа.

Од друга страна, од исклучителна важност е и состојбата во самата Европска унија и нејзината интерна дебата околу процесот на проширување и апсорбционата моќ на Унијата. Имајќи ја предвид широката медиумска покриеност на ова прашање при што не изостануваат и песимистички погледи на определени актери апропо европската иднина на Македонија, сосема реално е да се очекува и определен импакт врз перцепциите на младите луѓе во Македонија кој генерално земено се и најпогодени од проблемите кои произлегуваат од односите помеѓу ЕУ и Македонија.

Во крајна линија, горенаведените тенденции во никој случај не би требало да се толкуваат како сериозно намалување на поддршката на македонското членство во ЕУ кај младата популација. Имено, степенот на поддршка е значително висок, а фактот што само 5,8% од младите се против, во секој случај оди во прилог на оваа теза. Притоа, оваа висока поддршка доминира низ сите демографски категории без значителни процентуални флуктуации. Во прилог на ваквата интерпретација одат и податоците доколку статистички се кростабулираат податоците со финансиската состојба на испитаниците. Тука, уочлива е високата поддршка кај

| | Општа популација истражување на ИДСЦС, април 2006 | Млада популација ( ИОМ ) |
|---|---|---|
| Доколку наредната недела се одржи референдум за прием на Република Македонија во Европската Унија, како ќе гласате (% позитивно) | 87,2% | 73,8% |

Табела 9

[31] Истражување спроведено од Институтот за демократија "Societas Civilis" - Скопје за потребите на Секретаријатот за европски прашања, април 2006

| | Млада популација во ЕУ ( Eurobarometer, декември 2005) | Млада популација ( ИОМ ) |
|---|---|---|
| Поддршка на членството во ЕУ | 63% | 73,8% |

Табела 10

сите слоеви во општеството при што побогатите испитаници се со најпозитивна перцепција (77,8% кај оние со одлична финансиска состојба и 73,1% кај оние со добра финансиска состојба). Нешто поскептични се најсиромашните слоеви каде што 12,1% би се изјасниле против членство во ЕУ. Сепак, и кај оваа категорија поддршката се движи во рамките на општиот просек.

Финално, доколку се направи една компарација на перцепциите на младите во Македонија со онаа на младите во Европската унија vis a vis поддршката кон ЕУ, индикативни се повисоки проценти на поддршка кај младите Македонци. Имено, наспроти поддршката на македонското членство во ЕУ која е процентуално изразена со 73,8%, 63% од младите во ЕУ сметаат дека членството на нивната земја во ЕУ е добра работа.[32] Табела 10.

### Перцепции за влијанието на ЕУ врз главните општествени параметри

Доколку се погледнат ставовите на младата популација во Македонија во врска со влијанието на процесот на европска интеграција врз неколку значајни општествени чинители, очигледна е тезата дека Европската унија и пристапниот процес се перцепирани како извонредно значајни катализатори на определени проблеми во македонската социополитичка платформа.

Поддршката на економската компонента е крајно очигледна при што трите главни параметри за економски раст: економскиот развој, директните странски инвестиции и технолошкиот развој се главната придобивка од процесот на европска интеграција за осум од десет млади Македонци. Доколку интегрирањето на Македонија во ЕУ се одвива со стабилно темпо, ваквите очекувања треба да се перципираат реално и паралелно со генералните економски очекувања имајќи предвид дека 87,1% од оние испитаници кои сметаат дека процесот на евроинтеграција ќе има позитивно влијание врз економскиот развој истовремено се убедени дека економската ситуација во текот на наредните неколку години ќе биде подобра. Дополнително, 41,7% од младите сметаат дека нивните животни услови донекаде ќе се подобрат. Меѓутоа, ваквата перцепција не треба да предизвика забрзани заклучоци затоа што овие податоци не значат дека очекувањата за подобрување на економската ситуација се и причина за очекување на животен стандард кој е во согласност со посакуваните стандарди на младата популација. Самиот податок дека 74,7% од младите во Македонија размислуваат за можноста да емигрираат, при што 78,3% би емигрирале поради финансиски причини, укажува на резервираност.

Од друга страна, 76,5% од младите препознаваат во ЕУ многу важен стабилизирачки фактор имајќи ја предвид улогата на ЕУ не само во македонското општество туку и во еден поширок регионален контекст. Ваквата перцепција е подеднакво дистрибуирана низ сите демографски категории, вклучувајќи ја и етничката. За разлика од перцепцијата за НАТО,[34] ЕУ како безбедносен и стабилизирачки фактор ужива подеднаква поддршка и кај двете најголеми етнички заедници, Македонците и Албанците. Очигледно е препознавањето и на улогата која Европската унија може да ја одигра во надградувањето на демократската свест, па така 75% од младите во Македонија гледаат во

| Со интегрирањето на Македонија во ЕУ, какво ќе биде влијанието врз следниве работи? | ИОМ - Процент на млади луѓе кои што одговориле позитивно | Истражување на ИДСЦС[33] Процент на испитаници кои одговориле позитивно |
|---|---|---|
| Економски развој | 82,7% | 75,7% |
| Странски директни инвестиции | 85,1% | 72,1% |
| Домашна политика | 58,9% | 65% |
| Стабилност | 76,5% | 75% |
| Човекови права | 75,1% | 76,3% |
| Технолошки развој | 77,4% | 77,2% |
| Национални вредности / Идентитет | 56,9% | / |

Табела 11

[32] Во "Youth takes the floor"-Young Europeans' concerns and expectations as to the development of the European Union (Background note based on relevant findings from Eurobarometer data) Publication: December 2005, стр. 2
[33] Истражување спроведено од Институтот за демократија "Societas Civilis"-Скопје за потребите на Секретаријатот за европски прашања, април 2006
[34] Види страна 23-24

ЕУ позитивен фактор кој ќе придонесе во развитокот на човековите права во Македонија. Практично, ваквото гледање на еден од најважните политички критериуми може сугестивно да помогне во надминување на проблемот со негативниот одиум кон правата на некои општествени групи.[35] Табела 11.

Компаративна анализа на перцепциите на младите споредени со перцепциите на општата популација укажува на поголем оптимизам кај младата популација особено кога станува збор за позитивната улога на интеграцискиот процес врз економскиот развој и директните странски инвестиции. Ваквиот тренд е сосема во согласност со тенденциите кај младите во самата Европска унија апропо важноста на интеграцискиот процес за јачината и развитокот на економијата. Така, 68% од младите во ЕУ (наспроти 56% од целокупната популација) се оптимистички расположени за перспективите на економскиот развој. Овој оптимизам е уште поголем кај младата популација која доаѓа од новите 10 држави членки (75%).[36] Кај останатите параметри постои скоро идентична перцепција помеѓу младите и целокупната популација во Македонија. Единствено мал диспаритет во ставовите е присутен кај влијанието на процесот на европска интеграција врз домашната политика што укажува на перцепција која не гледа преголема зависност на домашната политичка сцена од притисокот на процесот на приближување на Македонија кон Европската унија. Притоа, имајќи го предвид опаѓачкиот тренд кај целокупната популација (со исклучок на периодот непосредно по позитивното мислење на Европската комисија),[37] може да се очекува и понатамошно намалување на позитивната перцепција околу влијанието на евроинтеграцискиот процес врз домашната политика.

Финално, фокусот на ова истражување беше насочен и кон перцепциите на младите во однос на влијанието на приближувањето кон ЕУ врз нивниот идентитет и националните вредности на Македонија. Интересно, ова е еден од пионерските обиди да се истражат перцепциите на младите кон ова прашање кое пак претставува мошне актуелна тема во рамките на дебатата околу иднината на Европа. Во просек, половината од младите во Македонија сметаат дека евроинтеграцискиот процес ќе има позитивно влијание врз традиционалните вредности и националниот идентитет. Од друга страна, 12,4% сметаат на негативно влијание. Оваа слика укажува на определена поделеност, при што позитивното влијание врз идентитетот и вредностите повеќе би требало да се интерпретира како кохезивна материја насочена кон зајакнување на идентитетот преку идентификација со Европска припадност, меѓутоа не и прифаќање на првенство на европскиот идентитет на сметка на националниот. Во прилог на оваа теза одат и податоците од самата Европска унија каде што само 3% од младите се чувствуваат само како Европјани, при што оваа бројка кај младата популација што доаѓа од новите десет држави членки е уште помала и изнесува само 1%.[38] Од друга страна, европското со националното го делат 58% од младите што е тенденција слична со перцепцијата на позитивниот импакт на евроинтеграцискиот процес врз идентитетот и традиционалните вредности кај младите Македонци. Притоа, треба да се напомене дека позитивното влијание на европската идеја врз сопствениот идентитет и вредности е повеќе антиципирано кај младите од албанската заедница (67,3%), наспроти релативно пониската поддршка кај младите Македонци (54,1%). Евентуален континуиран процес на информирање на младите околу начинот на организација и функционирањето на ЕУ, како и околу самите вредности поврзани со европската идеја, во крајна линија би резултирал со зајакнат и растечки процес на градење на европски идентитет.

Личните очекувања од процесот на приближување на Македонија кон Европската унија се исто така многу високи. Така, 72% од младите во државата сметаат дека овој процес ќе обезбеди повеќе можности во нивната лична проекција за иднината. 15% пак сметаат дека нема да има влијание врз нивната понатамошна кариера. Вака високиот процент укажува на силна лична афилијација со процесот на европска интеграција кој налага и позитивни очекувања за можностите кои тој процес ги отвора. Притоа, 44,6% од испитаниците кои сметаат дека нивните услови за живот ќе се подобрат во иднина ваквото подобрување го гледаат како последица на влијанието на пристапувањето кон ЕУ врз обезбедувањето повеќе можности за младите.

Проценките на младите во однос на реалната временска рамка во која Македонија би станала членка на Европската унија се во определена мера во согласност со експертските предвидувања. Оттука, 33,2% од младите испитаници во Македонија сметаат дека Македонија ќе стане членка на ЕУ во период од следните десет години. Сличен процент, 29,4%, ја гледаат Македонија во ЕУ по 2016 година. Доколку се направи компарација со перцепциите на општата популација за истата проблематика, може да се увиди помалку оптимистички и можеби пообјективен став на младите околу темпото на реформскиот процес и исполнување на критериумите за членство. Така, 26,7% од општата популација смета дека Македонија ќе биде членка на ЕУ во текот на следните пет години што е за 10% повисока инклинација отколку кај младите испитаници. Од друга страна, нешто повисок процент млади испитаници сметаат дека реалистична препоставка е дека на Македонија ќе ѝ требаат повеќе од пет години за евентуално членство во Европската унија.

Во оваа насока, индикативна е и перцепцијата на двете најголеми етнички групи, Македонците и Албанците. Така, кај младите испитаници од албанската заедница постои поголем оптимизам виза ви

[35] Види страна 20

[36] Во "Youth takes the floor"-Young Europeans' concerns and expectations as to the development of the European Union (Background note based on relevant findings from Eurobarometer data) Publication: December 2005, стр.9

[37] Доколку се направи еден компаративен преглед на испитувањата на јавно мислење насочени кон оваа проблематика, забележлив е пад на позитивната прецепција кон влијанието на македонската интеграција во ЕУ врз домашната политика. Така, во мај 2004, на прашањето "Со интегрирањето на Македонија во ЕУ, какво ќе биде влијанието врз следниве работи: домашна политика", 79% се изјасниле позитивно; во декември 2004 на истото прашање позитивно се изјасниле 67,3%, за во декември 2005 поддршката да порасне на 78%, па повторно да падне на најниски 65% во април 2006. Истражувања спроведени од Институтот за демократија "Societas Civilis"-Скопје за потребите на Секретаријатот за европски прашања, мај 2004, декември 2004, декември 2005, април 2006

[38] Во "Youth takes the floor"-Young Europeans' concerns and expectations as to the development of the European Union (Background note based on relevant findings from Eurobarometer data) Publication: December 2005, стр. 8

| | ИОМ - Процент на млади луѓе кои се изјасниле дека Македонија ќе стане членка на ЕУ: | Извештај за навремено предупредување - UNDP[40] Процент на испитаници кои се изјасниле дека Македонија ќе стане членка на ЕУ: |
|---|---|---|
| Во текот на наредните 5 години | 15,9% | 26,7% |
| Во текот на наредните 10 години | 33,2% | 27,7% |
| Повеќе од 10 год. (кај EWR 15 год.) | 29,4% | 25% |
| Никогаш | 11% | 13,9% |
| Нема одговор / Не знам | 10,4% | 6,4% |

Табела 12. Предвидување за членство во ЕУ

македонското членство во ЕУ во периодот до 2011 година (22,4% кај Албанците, наспроти 12,7% кај Македонците). Од друга страна, поголем број млади Македонци сметаат на членство во период подолг од 5 години. Кога станува збор за општата популација, оваа тенденција добива и повисоки размери.[39]

Генерално земено, процесот на интегрирање на Република Македонија кон Европската унија ужива многу висока поддршка кај младата популација. Притоа, европската интеграција се перцепира како многу значаен чинител за подобрувањето на состојбата во повеќето општествени сфери, при што најголем акцент се става на економските параметри. За повеќето млади граѓани европската перспектива е перспектива на нови можности и подобри услови за живот. Очекувањата за влез на Македонија во Европската унија се реалистични и се поклопуваат со експертските мислења. Табела 12.

Еден композитен поглед на сите податоци од ова истражување укажува на перцепција на процесот на европска интеграција како на процес кој во голема мера ќе ги решава егзистенцијалните проблеми на младите луѓе во Македонија. За разлика од перцепциите на младите во Европската унија за кои Европската унија значи слобода на патување, студирање и работење,[41] во македонскиот случај се стекнува впечатокот дека процесот на европска интеграција зазема повеќе егзистенцијален и стабилизирачки моментум. Притоа, во самата Европска унија доверба имаат 57% од младата популација (од кои 21,2% имаат голема доверба, а 35,8% имаат делумна доверба). На некој начин загрижува податокот кој вели дека 21,2% од младите немаат доверба во ЕУ. Оттука произлегува одредена неурамнотеженост на високо позитивната перцепција на самиот процес на приближување кон ЕУ и релативно послабата поддршка што самата Европска унија ја ужива кај младите. Ова укажува на потреба од поголем степен на информираност на младите околу улогата на Унијата во Македонија и пред сè вредностите и идеите кои таа ги претставува.

## Перцепции врз процесот на приближување кон НАТО

Членството на Македонија во НАТО е еден од најважните надворешно-политички приоритети со што се согласува и поголемиот дел од младата популација. ИОМ истражувањето укажува на висока поддршка на членство на Македонија во НАТО при што 70% од младите би гласале за влез во НАТО на евентуален референдум. Притоа, на ова сценарио се противат 9%. Она што е индикативно е скоро истата поддршка која ја добиваат паралелните процеси на интеграција во Европската унија и НАТО. Сите досегашни испитувања на општата популација покажувале поголема поддршка на процесот на европска интеграција. Ова укажува на благ пад на поддршка на процесот на европска интеграција,[42] но и релативно поцврсто позиционирање на политиката на приближување кон НАТО. Оваа констатација добива уште повеќе на вредност доколку се има предвид значително пониското медиумско профилирање на овој процес. Тука треба да се потенцира и една битна корелација со временската рамка за членство, при што веројатноста за побрзо зачленување во НАТО е релативно поголема и пореалистична. Од друга страна, трендот на повисока поддршка на овој процес кај етничките Албанци е евидентен и во ова истражување каде што 80% од Албанците би гласале за влез во НАТО наспроти 64,8% од Македонците. Ова тврдење е поевидентно доколку се погледне процентот на противници на овој процес. Така, против се изјасниле 10,7% од Македонците, наспроти исклучително ниските 3% кај Албанците.

Меѓутоа, анализа на податоците за афилијација кон НАТО како гарант за личната безбедност на испитаниците укажува на поголема дисперзација на одговорите. И покрај тоа што 62% од испитаниците на некој начин сметаат дека членството во НАТО ќе ја зголеми нивната безбедност, близу 10% се цврсто уверени во тоа, 24% го делат ова мислење, но со нешто послаб интензитет, додека 29% сметаат дека НАТО ќе ја зголеми безбедноста, но до определен степен. Од друга страна, 28,5% воопшто не сметаат на НАТО како чинител апропо нивната лична безбедност. Овие бројки укажуваат на перцепција на стабилна ситуација во регионален, но и во домашен контекст. Во прилог на ова тврдење одат и податоците кои велат дека 54% од испитаниците кои сметаат дека членството во НАТО нема да ја зголеми нивната лична безбедност и дополнителни 73% од испитаниците кои сметаат дека

[39] Така, според податоците од Извештајот за навремено предупредување на UNDP (март 2006) (достапни на www.ewr.org.mk.), дури 53,2% од Албанците наспроти 18,2% од Македонците сметаат дека Македонија ќе биде членка на Европската унија во временска рамка од следните пет години

[40] Податоците се преземени од Извештајот за навремено предупредување на UNDP (март 2006) достапни на www.ewr.org.mk.

[41] Така за 62% од младата популација во Европската унија таа претставува слобода на патување, студирање и работење. Кај младите од новите десет членки оваа перцепција е уште повисока и изнесува 76%. Извор: "Youth takes the floor"-Young Europeans' concerns and expectations as to the Development of the European Union (Background note based on relevant findings from Eurobarometer data) Publication: December 2005, стр.3

[42] Види страна 28

членството во НАТО до определен степен ќе ја зголеми нивната безбедност, истовремено го поддржуваат членството на Македонија во НАТО, што значи дека членството во НАТО не треба исклучиво да се врзува со подобрување на персоналната безбедност. Истовремено, релативно високата доверба во армијата и полицијата исто така придонесуваат за ваквата дисперзија на перцепции. Од друга страна, слично како и кај претходното прашање, постојат различни перцепции на двете најголеми етнички заедници виза ви влијанието на членството во НАТО врз личната безбедност. Така, високи 17,5% од Албанците (наспроти 7,2% од Македонците) сметаат дека членството на Македонија во НАТО алијансата во голема мера ќе ја зголеми нивната лична безбедност. Дополнителни 35% од Албанците (наспроти 20,8% од Македонците) одговориле дека членството во НАТО ќе ја зголеми безбедноста. Само 13,8% од Албанците не веруваат во зголемена безбедност како последица на членство во НАТО. Кај Македонците оваа бројка изнесува 32,6%.

### Перцепции врз улогата на агенциите на Обединетите нации

Работата на агенциите на Обединетите нации на некој начин е во подредена улога во однос на улогата на ЕУ и НАТО кои медиумски многу повеќе се експлоатираат, па оттука се укажува потребата да се согледаат перцепциите врз овие тела кои непосредно се занимаваат со бројни егзистенцијални проблеми во руралните и во урбаните населени места. 49,7% од младите во Македонија гледаат придонес на агенциите на ОН во развојот на Македонија, додека релативно високи 28% не гледаат никаква специфична улога на овие агенции. Овој податок укажува на потреба од поинтензивен пристап до јавноста кој ќе резултира со поголем степен на информираност на младите во Македонија околу различните проекти кои се имплементираат од страна на агенциите на Обединетите нации.

Меѓутоа, доколку се анализираат податоците кои доаѓаат од кростабулацијата по етничка припадност, се доаѓа до заклучокот дека работата на агенциите на ОН е многу поблиска до Албанците. Така, 22,7% од Албанците (наспроти 6% кај Македонците) сметаат дека агенциите на ОН во голема мера придонесуваат за развојот на Македонија. Следствено, 44% од Албанците сметаат дека агенциите на ОН до определен степен се фактор во развојот, што резултира со позитивен импакт на ОН кај близу 67% од младата албанска популација во Македонија. Од друга страна, придонесот во развојот на агенциите на ОН подеднакво се перцепира во сите типови на населени места и покрај тоа што овие агенции се најактивни во руралните и во помалите урбани средини.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Заклучоци:

- Трендот на висока поддршка на процесот на приближување кон ЕУ е индикативен и кај младата популација при што е воочлив благ диспаритет во споредба со поддршката кај општата популација, т.е. кај младата популација се манифестира понизок процент на поддршка.

- Високата поддршка на процесот на приближување кон ЕУ доминира низ сите демографски категории без значителни процентуални флуктуации.

- Младата популација во Македонија дава повисока поддршка на евроинтеграцискиот процес во споредба со перцепциите на младите во самата Европска унија.

- Европската унија и пристапниот процес се перцепирани како извонредно значајни катализатори на определени проблеми во македонската социо-политичка платформа. Постои општоприфатено уверување за процесот на европска интеграција како на процес кој во голема мера ќе ги решава егзистенцијалните проблеми на младите луѓе во Македонија.

- Главните параметри за економски раст, т.е. економскиот развој, директните странски инвестиции и технолошкиот развој се перцепирани како главна придобивка од процесот на европска интеграција.

- Младите препознаваат во ЕУ многу важен стабилизирачки фактор.

- Половината од младите во Македонија сметаат дека евроинтеграцискиот процес ќе има позитивно влијание врз традиционалните вредности и националниот идентитет.

- Младите во Македонија покажуваат силна лична афилијација со процесот на европска интеграција издвојувајќи го како многу битен чинител во нивната сопствена проекција за иднината.

- Очекувањата на младите околу евентуалниот влез на Македонија во Европската унија се реалистични и се поклопуваат со експертските мислења.

- Членството на Македонија во НАТО ужива висока поддршка кај младите во Македонија што индицира на процес на поцврсто позиционирање на политиката на приближување кон НАТО

- Постои повисока поддршка на овој процес кај етничките Албанци наспроти етничките Македонци

- Младите Албанци имаат посилна афилијација кон членството во НАТО како гарант на личната безбедност, наспроти нивните врсници од македонската заедница.

- Работата на агенциите на ОН во Македонија не е доволно позната помеѓу младата популација, при што висок процент од младите на препознаваат никакво влијание на овие агенции во македонското општество.

- Работата на агенциите на ОН е многу поблиска до младите Албанци, наспроти нивните македонски врсници.

### Препораки:

- Да се зајакне и интензивира информативната кампањата за процесот на приближување на Македонија кон ЕУ со посебен акцент на младите како

посебна целна група.

- Подетално информирање на младата популација за придобивките и последиците кои произлегуваат од процесот на евроинтеграција, поткрепени со објективно информирање околу дебатата за апсорбционата моќ на Европската унија.

- Зајакнување на реформскиот процес во насока на обезбедување на комплементарност со младинските програми на Европската унија и зајакнување на мобилноста и комуникација на младите во Македонија со нивните врсници во Европската унија.

- Да се зајакнат административните капацитети за апсорбција на европските пристапни фондови во насока на обезбедување реален економски развој.

- Да се обезбеди поголем степен на информираност на младите околу улогата на Европската унија во Македонија и пред сè вредностите и идеите кои таа ги претставува.

- Да се обезбеди континуиран процес на информирање на младите околу придобивките од членството во НАТО, како и околу самата улога на НАТО во регионален и глобален контекст.

- Да се засилат напорите околу воспоставување поголема доверба во домашните безбедносни институции кај младите Албанци.

- Поинтензивен пристап до јавноста и комуникација на различните проекти кои се имплементираат од страна на агенциите на Обединетите Нации.

- Да се утврдат и анализираат причините за слабата перцепција на улогата на агенциите на ОН кај етничките Македонци

# ОБРАЗОВАНИЕ

| | Одлично | Добро | Лошо | Многу лошо | Не знам / нема одговор |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно | 15,1% | 54% | 24% | 6,1% | 0,81% |
| Средно | 9,9% | 53,7% | 28,1% | 7,6% | 0,7% |
| Додипломски студии | 9,9% | 42,4% | 20,6% | 12% | 7,2% |
| Последипломски студии | 10,1% | 29,9% | 15,3% | 7,6% | 37,1% |

Табела 13. Перцепција на младите за квалитетот на образованието во Република Македонија

## Перцепции за квалитетот на образовниот процес

Третиот дел на Истражувањето на очекувањата на младите ги опфати перцепциите на младите во однос на квалитетот на образованието, нивните преференци во однос на типот на образовниот систем, перцепциите во однос на образованието и пазарот на труд во Република Македонија, како и потенцијалот за студирање во странство. Податоците од испитувањето покажаа трендови и перцепции кои се во рамките на очекуваното, но и нови развојни моменти во одредени сфери на образовните аспекти опфатени со испитувањето.

Првиот дел на испитувањето се однесува на **оценката на квалитетот на образованието** во Република Македонија и тоа во сите образовни степени: примарно (основно), секундарно (средно), додипломски студии (високо) и последипломските студии. Респондентите беа запрашани да дадат оценка во рамките на четири опции кои им беа на располагање и тоа: одлично, добро, лошо и многу лошо. Табеларно прикажано податоците за перцепциите на младите во Македонија во однос на квалитетот изгледаат позитивно. Табела 13.

Она што е евидентно од табеларниот приказ е дека младите луѓе во Република Македонија се **претежно задоволни** од квалитетот на образованието иако може да се констатира дека постои силен одиум на негативно расположение во однос на одредени образовни степени. Овој негативен одиум е најизразен кај средното образование (35,7% од испитаниците имаат негативен став), но не е значајно помал и кај перцепцијата за додипломските студии (изнесува 32,6%). За присуство на скептичност кон квалитетот на образованието кај младите луѓе говори и релативно нискиот процент на испитаници кои се одлучиле понудените образовни категории да ги оценат како одлични.

Евидентна е и тенденцијата според која младите луѓе се поскептични кон повисоките образовни степени, **а оценката за квалитетот опаѓа** како што се оди од основното кон последипломското образование. Така позитивна перцепција за основното образование имаат 69,1%, за средното образование 63,6%, за додипломските 52,3%, а за последипломските студии само 22,9%. Едно од објаснувањата за оваа ситуација е можеби степенот на предрасуди кои младите луѓе го имаат кон повисоките степени на образование со оглед дека многу мал процент на млади во Македонија се запишуваат на факултетите во државата, уште помалку го завршуваат, а бројот на последипломци (специјализанти, магистри и докторатни) е во загрижувачки рамки.

Податоците на Заводот за статистика на Република Македонија[43] го потврдуваат ова тврдење со оглед на рапидниот пад на запишаните ученици со секој нареден степен на образование. Така, на пример, во 2005 година податоците се мошне интересни. Табела 14.

Овој загрижувачки индикатор покажува дека од оние млади луѓе кои започнуваат основно образование помалку од 0,1% стигнуваат до последипломски степен на образование, а само 2,4% успеваат да дојдат до факултетска диплома.[44] Ова секако нуди делумно објаснување и за **опаѓачката тенденција во способноста да се оцени квалитетот на образованието** со оглед дека 7,2% од испитаниците не знаеле да го оценат квалитетот на високото, а дури 37,1% на последипломското образование во Македонија. Ова може да индицира дека и оние оценки кои се дадени за повисоките степени на образование (додипломски и последипломски) се сведени на површен впечаток и дека овие степени на образование се чинат

| | Број на запишани / завршени ученици |
|---|---|
| Основно овразование (запишани) | 218.935 |
| Средно овразование (запишани) | 95.867 |
| Додипломски студии (запишани) | 48.368 |
| Додипломски студии (завршени) | 5.397 |
| Магистри и специјализанти (последипломски студии - завршени) | 198 (189 + 9) |

Табела 14. Вкупен број на запишани / завршени ученици по образовни степени во 2005 година Извор: Завод за статистика на Република Македонија

[43] Податоците се достапни на www.stat.gov.mk. Напомена: податоците не ги вклучуваат статистиките на Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Тие немаат доставено податоци до Заводот за статистика за 2005 година.
[44] Соодносот се однесува на 2005 година

| | 1999 | % | 2000 | % | 2001 | % | 2002 | % | 2003 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на студенти кои дипломирале по 3 години (предвремено дипломирани) | 34 | 0,9 | 25 | 0,7 | 22 | 0,6 | 6 | 0,1 | / | / |
| Вкупен број на студенти кои дипломирале по 4 години (навремено) | 85 | 2,3 | 82 | 2,2 | 59 | 1,7 | 66 | 1,8 | 23 | 0,5 |
| Вкупен број на студенти кои дипломирале по 5 години | 911 | 24,4 | 825 | 22 | 768 | 22 | 763 | 21,6 | 1.028 | 23,3 |
| Вкупен број на студенти кои дипломирале по 6 години | 650 | 17,4 | 715 | 19 | 626 | 18 | 687 | 19 | 853 | 19,3 |
| **Вкупен број на дипломирани студенти** | **3.735** | | **3.740** | | **3.480** | | **3.618** | | **4404** | |
| Вкупен број на студенти кои дипломирале по 7 години или повеќе години | 2.089 | 55,9 | 2.118 | 57 | 2.027 | 58 | 2.082 | 57,5 | 2.500 | 56,7 |

Табела 15. Проодност на студентите во терцијарната едукација во Република Македонија во периодот 1999-2003[45]

недостижни за голем број од испитаните млади луѓе во Република Македонија. Демотивираноста на голем дел на ученичката маса во овие услови е секако логична последица на дадените околности.

Дека проблемите во образованието во Република Македонија се во голем дел лоцирани во повисоките степени на образование говори и еден друг факт. Имено, податоците на ИОМ истражувањето, но и податоците на Заводот за статистика на Република Македонија јасно индицираат дека повисоките степени на образование се проблематични во смисла на **проодноста на студентите** и тоа од повеќе аспекти. Табела 15.

Не се работи само за неможноста да се оцени квалитетот на овие образовни степени (како последица на реален недостаток на партиципација во истите) или пак за намалувањето на позитивната слика кон терцијарното образование, колку што се работи за реалниот низок степен на проодност на студенти во терцијарното образование што е секако крајно демотивирачки и хендикепирачки фактор за младите луѓе во Македонија.

Ова секако се одразува на капацитетот на државата на генерално ниво во однос на пазарот на труд во пошироки рамки, а состојбата во образовниот сектор повикува на темелни или делумни реформи, што е став на поголем дел од младите луѓе во Македонија. Но пред да се премине на прашањето за потребата од реформи во образовниот сектор, потребно е да се објаснат перцепциите на младите за два аспекти на образовниот процес кои се витални во економска смисла: стекнувањето на практични вештини во процесот на образование и вербата во наоѓање адекватна работа со степенот на образование стекнат во моментот на спроведување на истражувањето.

## Практичните вештини, пазарот на труд и образовниот процес

Иако сликата за квалитетот на образованието во Република Македонија може да се оцени како средно задоволувачка со значителен процент на скептични млади луѓе, истото за жал не може да се каже за перцепциите на младите луѓе во однос на понудата на **практични вештини** од страна на образовниот процес. Генералната слика во однос на ова прашање може да се оцени како незадоволувачка со оглед на 72,5% од испитаниците кои одговориле дека образовниот систем во Република Македонија нуди ограничени или никакви можности за стекнување со практични вештини (36,9% - ограничени можности, 35,9% - не нуди никакви можности за стекнување со практични вештини). Ова е висок консензус во однос на ова прашање ако се има предвид еднаквата дистрибуција кај сите етнички групи, образовни категории, како и кај останатите демографски стратуми на испитани млади луѓе од 18 до 30 години.

Прашањето за понудата на практични вештини е тесно поврзано со перцепцијата на младите во однос на **потенцијалот за наоѓање на работа** по завршувањето на адекватните образовни степени. И во овој случај, во најмала рака може да се констатира скептичност, што дава поразителни индикатори за адекватноста на образовниот процес и неговата прилагоденост на пазарот на труд во Македонија и пошироко. Така, 54,7% од испитаните сметаат дека тешко ќе најдат работа, а 10,5% од нив се уште поскептични велејќи дека никогаш нема да најдат работа со адекватниот степен на образование. Ова доведува до 65,2% испитаници со негативен став кон ова прашање. Нормално, споредено во сите категории на испитаници, поскептични се оние со помал степен на образование (до основно, основно, средно), но скепсата не е рапидно намалена и кај категориите на млади испитаници со више и високо образование. Ова укажува

[45] Извор: Министерство за образование и култура на Република Македонија

на генерално разочарување во однос на потенцијалот за наоѓање работа кај сите категории на млади, што е секако сериозен економски индикатор пред сè.

Овие два тесно поврзани индикатори укажуваат и на уште една димензија на работите во рамките на образовната тематика. Имено, само 13,2% од испитаниците одговориле дека треба да се дообразуваат со цел да најдат адекватна работа. Ова како податок сам по себе не значи ништо, но во констелација со други податоци добиени од ИОМ истражувањето индицира мошне сериозен феномен. Попрецизно, 60,75% од испитаните сметаат дека едукацијата е мошне важна за обезбедување на поголем економски развиток, а 30,2% истата ја сметаат за важна во оваа смисла. Ова укажува дека едукацијата се препознава како одговорен фактор во подобрувањето на сопствената позиција и како мошне влијателен чинител во економијата на една држава. Се поставува прашањето: зошто тогаш само 13,2% од испитаниците (поголем дел со пониско образование) би се одлучиле за дообразување со цел да најдат подобра работа?

Дел од одговорот е очигледен: младите веруваат во едукацијата, но се **скептични кон домашниот образовен систем, за кој не веруваат** (или многу мал дел верува) дека реално ќе им ги зголеми шансите на отворениот пазар на труд. Ако кон ова се придодаде и значителната резерва на испитаниците кон понудата на практични вештини сликата за образовниот систем во Република Македонија во очите на младите луѓе е сериозно доведена во прашање. Во прилог на оваа теза говорат и други податоци од истражувањето.

## Студирање вон државата, посакуваните дестинации и феноменот на „brain-drain"

Во тесна констелација со сите досега изнесени аспекти на перцепциите на младите луѓе во однос на образовниот процес, стојат и ставовите во однос на студирањето вон државата и посакуваната дестинација за студирање. Поточно кажано, само 17,4% од испитаниците би одбрале да студираат во рамките на државата што отворено индицира на перцепција на младите во Република Македонија за супериорноста на (до)едуцирањето вон Македонија во однос на комплетното домашно образование. Секако, степенот на согласување во однос на потребата од странско едуцирање варира апропо стекнувањето на посакуваните степени, па затоа 45,6% од респондентите се одлучиле за комплетно образование надвор од Македонија, додека 31,2% од младите сметаат дека парцијално образование надвор е подобра солуција. Сепак, може со голем степен на сигурност да се констатира дека 76,8% од младите во Македонија можноста за стекнување на дел или комплетното образование вон државата ја перцепираат како посакувана опција.

Дека **емиграцијата на образовани умови**, за која ИОМ истражувањето покажа дека постои адекватно расположение, е реалност во Република Македонија говорат и анализите на голем дел од експертите кои се занимаваат со ова прашање. Така во списанието Southeast European Politics се појави интересна анализа на младиот научник м-р Ведран Хорват која укажува (повикувајќи се на истражување направено од страна на Економскиот институт од Скопје) дека „во последната декада меѓу 12000 и 15000 млади, едуцирани, и високо остручени млади луѓе ја напуштиле државата"[46], а дека дури „85% од младите Македонци планираат или сакаат да ја напуштат државата по завршувањето на студиите".[47]

За **мотивираноста на овој „brain-drain" процес** не се виновни исклучиво слабостите на образовниот процес, па во таа смисла не може да се заклучи со сигурност дали мотивите за едукативна миграција се секогаш комплетно од едукативна природа. Во оваа смисла, испитаниците во ИОМ истражувањето ја препознаваат високата емиграциона стапка, но мотивираноста за истата не ја гледаат во личните причини (во која би се вклучило и подоброто образование), туку најмногу ја лоцираат во неповолната економска ситуација во државата (83,5% одговориле дека причините за миграција од Македонија се од економска природа). Ова доведува до сомнеж за мотивираноста на едукативната емиграција од Македонија, но и покрај овие индикатори потребата за подобра едукација вон државата не може да се занемари во ниедна смисла.

Како и да е, прашањето на посакуваната дестинација ги открива и аспирациите на младите граѓани на Република Македонија во однос на преферираните дестинации за (до)образување. Како најпопуларна дестинација се одвојуваат државите од Европската унија за кои се определиле нешто повеќе од половина млади Македонци (52%). Како исклучително популарна дестинација се појавуваат и Соединетите Американски Држави за кои се определиле 30,1% од испитаните. Земјите во регионот како пожелна дестинација за започнување или продолжување на образовниот процес се далеку понепопуларни со само 8,5% од одговорите.

## Реформата на образовниот систем, преферираниот систем на образование, приватни и државни универзитети

За сериозноста на состојбите во образовниот сектор во Република Македонија говори и перцепцијата на младите ширум државата во однос на **потребата за реформа на образованието.** Во однос на ова прашање, кое на некој начин претставува сумирање на сите претходни ставови, постои јасен и прецизно дефиниран став на младите кој јасно повикува на (темелни) реформи на образовниот систем. Така статистички најголемата група на млади граѓани на Македонија (46,9%) се искажува за темелни реформи во образованието, додека 42,8% сметаат дека образованието во државата треба да помине низ одреден степен на реформи. Со оглед дека само 4,8% од младите сметаат дека на образовниот систем не му требаат реформи, пораката од младите до одговорните фактори задолжени за образованието е повеќе од јасна, и покрај тоа што младите не се изјаснуваат во голем дел негативно запрашани за квалитетот на образовниот систем.

Во смисла на правецот на реформите кои сериозно и претстојат на Република Македонија, лоцирањето на **најпосакуваниот систем на образование** кај младите е од клучно значење. Токму затоа, а во светло на веќе континуираната

[46] Horvat, Vedran. "Brain Drain  Threat to Successful Transition in South East Europe". Southeast European Politics. Vol. V. No.1. June 2004. стр.84.
[47] Ибид.

либерализација на образовниот пазар, се чини дека постои сериозна инклинација од моделот на државно спонзорирано образование кај младите во РМ. Во оваа смисла, 31,8% од младите се определиле за приватно образование како посакуван модус наспроти 27,3% кои сè уште сметаат дека државниот систем е подобра солуција. За компромисно решение се одлучиле 26,7%, т.е. тоа е статистичката маса на млади луѓе која се залага за мешан систем на образование.

На ова прашање се надоврзува и дилемата за преференците и аспирациите на младите во однос на **типот на универзитет** за кој сметаат дека нуди подобар квалитет. Во однос на сè поприсутната приватна иницијатива во сферата на високото образование, може да се констатира поларизираност во однос на изборот на високообразовна институција. Така, 25,3% од испитаниците сметаат дека приватните универзитети нудат подобар квалитет, наспроти 18% од младите кои компаративните предности ги лоцираат на државните универзитети. Ова веројатно стои во корелација со личните можности за студирање и е резултат на достапноста на приватното школување кое е далеку поскапо во однос на државните уписни квоти.

Не помалку внимание привлекуваат и 26,1% од испитаниците кои сметаат дека приватните универзитети нудат лесен пристап до дипломи што сериозно влијае врз перцепцијата за **квалитетот на приватното високо образование.** Но иако ова е сериозен процент на испитаници, доколку треба да се изведе заклучок од севкупната слика јасно е дека приватните универзитети сè повеќе пенетрираат во свеста на младите луѓе како опција за студирање (за сметка на државните универзитети), но и дека сè уште постои голема скептична маса кај младите во однос на квалитетот на услугите кои тие ги нудат.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Заклучоци:

- Младите во Република Македонија го перцепираат образовниот систем во Република Македонија како релативно добар
- Оценката за квалитетот на македонското образование опаѓа со секој нареден степен на образование
- Младата популација во Република Македонија е незадоволна од практичните вештини кои ги нуди образовниот систем. Поврзано со ова, постои и скептичност околу можноста за наоѓање на работа со постојниот степен на образование.
- Младите не веруваат дека со доедуцирање во образовниот систем во Македонија би им овозможил подобра позиција на пазарот на труд.
- Кај младите во Република Македонија постои желба за стекнување на едукација вон државата.
- Младите во Македонија се согласуваат околу потребата за темелна реформа на образовниот систем.
- Постојат поделени мислења кај младата популација околу преферираниот систем на образование. Иако приватните универзитети во Република Македонија заземаат се посериозна позиција, постои голема доза на скептичност кон нивниот квалитет.

### Препораки:

- Да се воспостави систем за евалуација на квалитетот на образованието во Република Македонија во однос на земјите на Европската унија
- Да се стави повеќе акцент на практичните вештини во образовниот процес во Македонија
- Да се воспоставаат врски помеѓу високообразовните институции и работодавците на пазарот на труд
- Потемелно да се анализираат причините за скептичноста на младите кон образовниот систем во Македонија
- Да се направи анализа за образовна реформа посебно во високото образование и да се продолжи со досегашните реформи врзани со Болоњскиот процес.

# ЕКОНОМИЈА И МИГРАЦИИ

Иако е можеби последен дел од анализата на истражувањето за очекувањата на младите (спроведено од Институтот за демократија од Скопје, во соработка со Friedrich Ebert Stiftung) економијата и миграциите претставуваат многу значајна компонента од животот на младиот човек, бидејќи економските процеси се основна детерминанта која го определува неговиот понатамошен развој во општеството, но и во семејството како основна клетка на човековата партиципација во заедницата.

Како што е претставено и во самиот наслов, ова поглавје опфаќа две засебни теми кои сепак се со голема меѓузависност: Економија и миграции.

## Економија

Во табелата 16 се претставени основните економски индикатори во Република Македонија. Иако, во некои економски категории се забележува определен пораст, сепак тој не е доволен за да предизвика стабилизирање на два исклучително важни економски компоненти, меѓу кои е можеби најгорливиот проблем во Македонија, невработеноста,[49] која е една од основните детерминанти на економскиот развој во Македонија со оглед на постојаниот дефицит на работни места, но и со покриеноста на увозот со извозот, односно големиот дефицит во надворешната трговија.

Токму овие индикатори се причината скоро половината (44,8%) од испитаниците да ја потенцираат невработеноста како моментално најголем проблем во Република Македонија и во исто време 87,8% од младите во истражувањето, на прашањето: Според вас, каква е моменталната економска ситуација во државата, да одговорат лоша или многу лоша. Сепак, мора да се нагласи дека една третина од испитаниците сметаат дека ситуацијата ќе се подобри во следниот период, што претставува релативно оптимистички приод, во споредба со испитувањата кои ја опфаќаат целата популација, бидејќи кај испитаниците кои ги опфаќаат сите старосни групи само 18% сметаат дека ќе економијата ќе заживее во следниот период.[50] Оваа

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 |
|---|---|---|---|---|
| БДП во тековни цени (милиони денари) | 233.841 | 243.970 | 251.486 | 265.257 |
| БДП во денари од 1995год. (милиони денари) | 187.342 | 188.941 | 194.988 | / |
| Стапка на реален пораст на БДП | 4.5 | 0.9 | 3.2 | 4.1 1) |
| БДП по жител во САД $ | 1.830 | 1.859 | 2.230 | 2.382 |
| Население на средината на годината | 2.035 | 2.020 | 2.027 | 2.032 |
| Економски активно население | 862 | 825 | 861 | 832 |
| Број на вработени според АРС | 599 | 561 | 545 | 523 |
| Број на невработени според АРС | 263 | 263 | 316 | 309 |
| Лица вон работната сила | 692 | 742 | 718 | 762 |
| Стапка на невработеност според АРС | 30.9% | 31.9% | 36.7% | 37.2% |
| Стапка на активност | 55.5% | 52.6% | 54.5% | 52.2% |
| Стапка на вработеност | 38.6% | 35.8% | 34.5% | 32.8% |
| | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** |
| Стапка на пораст на номинални плати | 6.9 | 4.8 | 4.0 | 2.5 |
| Стапка на пораст на реални плати | 5.0 | 3.6 | 4.4 | 2.0 |
| Просечно исплатена нето плата по работник во САД $1 | 174 | 218 | / | 256 |
| Увоз | 1.962.110 | 2.299.921 | 2.931.626 | 3.227.998 |
| Извоз | 1.115.527 | 1.363.252 | 1.675.877 | 2.041.265 |
| | **2002/2001** | **2003/2002** | **2004/2003** | **2005/2004** |
| Индекс на трошоци на живот | 101.8 | 101.2 | 99.6 | 100.5 |
| Индекс на цени на мало | 101.4 | 102.4 | 100.9 | 102.1 |
| Индекс на цените на производителите на индустриски производи | 99.1 | 99.7 | 100.9 | 103.2 |

Табела.16[48]

[48] Извор: Завод за статистика на Република Македонија www.stat.gov.mk
[49] Република Македонија има најголема стапка на невработеност во Европа, која според проценките се движи околу 38% www.intra.rbec.undp.org
[50] Податоци преземени од последното истражување за Early Warning Report, март 2006, стр. 23

разлика во одговорите се должи на поголемиот оптимизам кај младите, иако сепак загрижува фактот што 2/3 од нив предвидуваат дека ситуацијата ќе остане иста или дури ќе се влоши.

Во секој случај би требало да се нагласи дека половината од младите кои рекле дека моменталната ситуација е лоша или многу лоша, сметаат дека таа ќе се подобри во иднина. Како најодговорна институција за развојот на економијата, најголем дел од испитаниците ја посочуваат Владата, односно 63,1% од младите во Република Македонија сметаат дека токму Владата би требало да ги реши најгорливите економски прашања, како и корупцијата која има директно влијание врз економскиот развој. Имено, дури 72,4% од младите сметаат дека токму проблемот со корупција е виновник за слабиот економски раст, а исто толкав процент сметаат дека тоа се должи и на слабото работење на институциите, пред сè на Владата. Од ова може да се изведе заклучок дека корупцијата постои во голема мера и заради незаинтересираноста на Владата за нејзино сузбивање. Како поткрепа на оваа констатација можат да се наведат податоците од Извештајот за навремено предупредување[51] каде по невработеноста како најголем проблем (53%) следи токму корупцијата со 18%. Сепак, мора да се нагласи дека високи 87,1% од испитаниците се и самокритични бидејќи сметаат дека и слабите работни навики во голема мера влијаат на нискиот економски раст. Оваа констатација може да се потврди и со фактот дека 85,6% од младите сметаат дека токму со зголемен обем на личните работни ангажмани најбрзо можат да ги зголемат своите приходи во иднина.

Многу важен сегмент кој придонесува за развој на економијата претставува квалитетното образование, како што покажуваат и резултатите од истражувањето. Во анкетата беа поставени две прашања кои го тангираат образованието и економскиот раст. Доколку се споредат одговорите на прашањето за важноста на квалитетното образование со прашањето за влијанието на неадекватното образование врз слабиот развој на економијата, се потврдува оваа меѓузависност на образованието и економијата. Имено, 56,9% од испитаниците кои го потенцирале како приоритетно влијанието на квалитетот на образованието во развојот на економијата, одговориле дека токму неадекватното образование е исклучително важна причина за спориот економски раст, што претставува 34,6% од вкупниот број на испитаници во истражувањето.




Графикон 4.[52]

Еден од основните економски проблеми кој директно влијае врз стапката на невработеност и врз негативното салдо во трговската размена, претставува и нискиот обем на странски директни инвестиции (СДИ). Во графикон 4 се претставени вкупните средства кои се инвестирани во Република Македонија од странски компании на годишно ниво. Овој проблем го перципираат и младите од кои 91% ги посочиле токму странските директни инвестиции како важни или многу важни за развој на економијата и намалување на невработеноста. Од младите чија главна преокупација е токму економијата или бизнисот овој процент е уште повисок и изнесува 94,1%, односно 18,5% од вкупниот број испитаници. Меѓу причините за ниската стапка на странските директни инвестиции е забавената реформа во администрацијата и судството. Ова претставува сериозен проблем, со оглед дека инвестициите се клучен фактор за намалување на невработеноста и зголемување на економскиот раст и бруто домашниот производ. Оваа констатација се потврдува и во истражувањето каде 55,9% од вкупниот број на испитаниците воопшто немаат доверба во судството, а 51,9% од младите во исто време смета дека реформата во администрацијата е највисок приоритет за да се постигне повисок економски раст.

Еден од факторите кои влијаат на развојот на македонската економија претставува европската интеграција. Евроинтеграциските процеси придонесоа кон повисок раст на економиите во источноевропските држави и во исто време намалување на невработеноста, особено меѓу младите. Перцепцијата на младите во Република Македонија ја потврдува оваа состојба, односно 90,1% од испитаниците кои позитивно ја восприемаат интеграцијата на Република Македонија во Европската унија (ЕУ), сметаат дека таа ќе донесе поголем и побрз економски развој. Затоа може да се донесе заклучок дека основниот двигател на реформите во Македонија, кои се иницирани од страна на ЕУ и кои треба да го преструктуираат македонското стопанство, но и останатите сегменти на општеството, претставува оптимизмот за повисок економски развој преку бенефициите кои што ги нуди ЕУ. Во исто време кандидатскиот статус на Република Македонија и иницијативата за отпочнување на преговори за влез во ЕУ, може да ги привлече странските инвеститори кои би донеле свеж капитал и би придонеле за отворање на нови работни места, како и за побрз економски раст.

Иако во вкупниот бруто домашен производ (БДП), земјоделството учествува со 9,7%, индустријата со 28,8%, а услугите со 61,5%,[53] најголем дел од испитаниците сметаат дека токму развојот на земјоделството треба да биде најголем приоритет (41,4%), потоа 34,8% го изјавиле истото за индустријата, а само 17,4% се одлучиле за услугите (21,3% кај Скопјани), иако тие најмногу придонесуваат во БДП. Од ова може да се извлече заклучок дека перцепцијата на младите во однос на секторскиот развој на економијата е во голема мера изместена во однос на модерните економски токови. Сепак, треба да се потенцира дека големо влијание врз ваквите перцепции имаат образованието, медиумите и општоприфатеното мислење дека земјоделството е најважната гранка на

[51] Ibid
[52] Извор: Завод за статистика на Република Македонија www.stat.gov.mk
[53] www.cia.gov/worldfactbook/macedonia

македонското стопанство која треба да се развива, со оглед на традицијата и поволните климатски услови.

Секако дека е очекуван ставот на младите во однос на општата состојба во економијата, компарирано со нивната лична финансиска ситуација. Имено, кај младите кои изјавиле дека финансиски стојат лошо или многу лошо, резултатите се очекувани бидејќи огромното мнозинство од нив (93,5% оние кои стојат лошо и 96,2% од оние кои стојат многу лошо) изјавиле дека и општата економска ситуација не е на некое задоволително ниво или дека е многу тешка. Од определен аспект, изненадување претставува фактот дека 58,5% од младите кои имаат добра финансиска ситуација ја перцепираат општата економска состојба како нестабилна. Ова не наведува на заклучок дека иако дел од младите лично се задоволни од своите или приходите на своето семејство, сепак сметаат дека тоа се должи исклучиво на личниот труд или можеби среќните околности, а не на општиот економски развој. Со оглед дека 41,6% од младите кои земаа учество во истражувањето, изјавиле дека нивните финансиски состојби се лоши или многу лоши, а општиот процент на граѓаните во Македонија кои живеат под прагот на релативната сиромаштија според прифатените статистички податоци е 38%,[54] тогаш може да се прифатат претходно изведените заклучоци како релевантни за анализирање.

Висок процент од испитаниците сметаат дека најдобар начин да си го зголемат приходот е да започнат свој сопствен бизнис (32,9%). Сепак, само 25,1% од младите кои го изјавиле ова мислат дека најдобро вработување е она кое самите ќе си го креираат. Од друга страна, високи 37% од оние кои изјавиле дека емигрирањето е најдобар начин за финансиска сигурност сметаат дека работата во јавната администрација е најдобро вработување. Сето ова резултира со поставување на неколку хипотези. Имено, младите пред се сакаат да се чувствуваат сигурни во економска смисла и како последица на тоа, тие иако имаат поставено определени хипотези за најдобриот начин да се дојде до пари, сепак се плашат да се обидат да тоа и да го реализираат. Самовработувањето и емигрирањето можат да донесат релативно висока финансиска корист, но од друга страна тие носат и високи ризици за нивната реализација. Токму затоа добар дел од младите сепак попрво би се определиле за слабо платена, но сигурна работа во државната администрација.

Ова ја поставува и втората хипотеза која претпоставува дека во последните 16 години многу малку работи во свеста на луѓето се имаат изменето, особено во поглед на вработувањето. Условно кажано, „државната работа" сè уште има високи приоритети, иако гледано од материјална страна таа не носи голема финансиска добивка.

### Миграции

Годишната стапка на емиграција од Македонија е 1,54 емигранти на 1000 жители.[55] Тоа значи дека над 3000 граѓани, претежно млади, секоја година ја напуштаат државата. Дури 60% од испитаниците сметаат дека оваа стапка е премногу висока, а дополнителни 32,6% сметаат дека таа е висока. Само 2,4% од граѓаните сметаат дека таа е ниска. Очекувано, 82,4% од младите кои изјавиле дека најдобар начин за да ја поправат својата финансиска ситуација е да емигрираат, сметаат дека Македонците емигрираат исклучиво од економски причини. Доколку се погледнат општите табели, оваа бројка е 83,5%. Тоа е доволно за да се заклучи дека емигрантите од Македонија се предоминантно економски, додека другите причини се речиси маргинални. Оваа констатација може да се потврди и со податокот дека 46,8% од граѓаните чии животни услови се многу лоши и 47,3% од младите кои изјавиле дека условите се лоши, сериозно ја разгледуваат опцијата да емигрираат. Во општи бројки, сериозно размислуват да емигрираат 35,1% од испитаниците, но сепак мора да се нагласи дека најголемиот дел од нив остануваат да живеат во татковината.

Со цел да се утврди процентот на потенцијалните емигранти од младата популација кои сериозно размислуваат да емигрираат и да не се вратат повеќе да живеат во Македонија, се направи крос-табулација, односно вкрстување на прашањето дали планирате да емигрирате, со прашањето, колку би останале надвор, доколку емигрирате. На тој начин се утврди дека 42,6% од младите кои планираат да емигрираат, тие би емигрирале засекогаш, односно 15,7% од вкупниот број испитаници. Тоа е всушност процентот од младите луѓе во Република Македонија кај кои постои најголема шанса да заминат од државата. Ова го потврдува и фактот дека 44,4% од младите кои сметаат дека ќе им се подобрат условите за живот во иднина планираат да емигрираат засекогаш, односно заминувањето во странство го гледаат како опција за подигање на животниот стандард.

Во однос на најпосакуваните подрачја во светот каде би емигрирале, се разбира доколку се решат на таков чекор, се забележува дека подалечните дестинации како Северна Америка или Австралија и Нов Зеланд, повеќе ја избираат младите кои доколку би емигрирале би останале таму засекогаш. Од друга страна, оние кои планираат да ја напуштат државата на пократок временски период повеќе ја преферираат Европската унија.

Младите во Република Македонија ги делат и ги чувствуваат истите проблеми како и останатиот дел од населението, со напомена дека сепак определени проблеми и потреби се повеќе изразени. Основен проблем е невработеноста и се разбира дека на младите кои тукушто треба да станат дел од работната сила не им се допаѓа опцијата да се вклучат во армијата на невработени или, од друга страна, да работат за мала финансиска корист или работа која не им се допаѓа. Затоа еден дел од нив размислува и да ја напушти земјата во потрага по сигурна иднина. Сепак внимание заслужува фактот дека младите во голема мера знаат правилно да ги определат причините за високата невработеност, како и да ги лоцираат одговорните кои би требало да ги решат проблемите со кои секојдневно се соочуваат. Основната причина за невработеноста тие ја препознаваат во ниската стапка на економски раст. Тоа е сепак само последица од малиот обем на странски инвестиции и забавената реформа во администрацијата,

[54] Ibid
[55] www.worldpress.org/profiles/macedonia.cfm

која би требало да го подигне нивото на инвестициите. Друг проблем со кој се соочуваат е корупцијата и затоа сметаат дека токму Владата е одговорна за решавање на горенаведените пречки кои би овозможиле отворање на поголем број работни места.

Иако младите како најодговорен за развој на економијата и со тоа намалување на невработеноста ја посочуваат власта, сепак тие лоцираат и други причинители на ваквата состојба. Меѓу нив е неадекватното образование, но и слабите работни навики, со што дел од одговорноста тие ја преземаат врз себе. Затоа голем дел од нив се подготвени исклучиво со личен труд да ја поправат својата финансиска ситуација, без притоа да чекаат некој друг да го направи тоа, што претставува многу значаен напредок во промената на свеста на луѓето каде претходните генерации обично очекуваа државата или некој друг систем да им ги решат проблемите.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Заклучоци:

- Општите економски проблеми се рефлектираат и врз младата популација во Р. Македонија
- Основни проблеми за младите се невработеноста и корупцијата
- Најодговорни за решавање на економските проблеми во земјата според младите се државните институции
- Државните институции според нив се и најодговорни за слабиот економски раст и невработеноста
- Сепак тие дел од одговорноста лоцираат и врз други фактори, вклучително и врз себеси
- Голем проблем претставува и застарениот образовен систем кој се реформира, но според нив недоволно
- Процесот на евроинтеграција го гледаат како можност за побрз економски развој и со тоа отворање на повеќе работни места
- Според нив најмногу треба да се инвестира во земјоделството
- Определен дел од младите размислува и за емигрирање како начин за побрзо решавање на економските проблеми, односно начин побрзо да најдат работа и средства за живот
- Сепак голем дел од нив миграцијата ја гледа како последна алтернатива
- Најголем дел од младите кои би емигрирале на пократок период ја преферираат ЕУ, додека оние кои би емигрирале на подолг период или засекогаш, ја преферираат Северна Америка или Австралија

### Препораки:

- Намалувањето на невработеноста на младите да се постави како врвен приоритет во економската политика на државата
- Намалување на придонесите за плати за сите млади кадри до 30 години, особено доколку тоа е нивно прво вработување
- Обезбедување на бесплатни курсеви за преквалификација и доквалификација на младите со цел тие полесно да најдат работа
- Промоција на „part-time job", како начин за зголемување на вработеноста кај младата популација и начин за самоиздржување за време на студиите
- Промотивна кампања преку која би се подигнала Самосвеста кај младите во Република Македонија за:
    - прифаќање на дел од одговорноста за економскиот развој на државата
    - поголем личен ангажман за зголемување на сопствените приходи
    - активно учество во реформите во образованието и економијата како предуслов за поквалитетна лична надоградба и поголеми шанси за успех на деловен план
    - намалување на степенот на барање одговорност за личниот деловен неуспех кај државните институции
    - активна промоција на разни можности за деловен напредок на младите, кои би имале за цел да покажат дека миграцијата не треба да биде приоритетна алтернатива

# АНЕКС

## СИТУАЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА И ОПШТИ ПЕРЦЕПЦИИ

### Како ги проценувате Вашите услови за живот?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Многу добри | 71 | 5.9 |
| Добри | 350 | 29.2 |
| Просечни | 503 | 42 |
| Лоши | 220 | 18.4 |
| Многу лоши | 47 | 3.9 |
| Без одговор/Не знам | 6 | 0.5 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Дали сте член на:

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Политичка партија | 181 | 15.1 |
| НВО | 95 | 7.9 |
| Спортска асоцијација | 75 | 6.3 |
| Професионално здружение | 24 | 2 |
| Друга организација | 26 | 2.2 |
| Не сум член во никаква организација | 769 | 64.2 |
| Без одговор/Не знам | 27 | 2.3 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Според Ваше мислење, во кој правец оди Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Вистинскиот | 179 | 15 |
| Грешен | 427 | 35.7 |
| Не | 472 | 39.4 |
| Без одговор/Не знам | 119 | 9.9 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Во моментов кој е најголемиот проблем во Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Корупција | 320 | 26.7 |
| Невработеност | 536 | 44.8 |
| Сиромаштија | 257 | 21.5 |
| Прашања на безбедноста | 4 | 0.3 |
| Етничките прашања | 14 | 1.2 |
| Криминалот | 29 | 2.4 |
| Социјалната сигурност | 3 | 0.3 |
| Образованието | 7 | 0.6 |
| Животната средина | 5 | 0.4 |
| Друго | 8 | 0.7 |
| Без одговор/Не знам | 14 | 1.2 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Доколку имате шанса, дали лично би се вклучиле во развојот на Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Секако | 732 | 61.2 |
| Само ако имам лична корист | 233 | 19.5 |
| Никогаш | 120 | 10 |
| Без одговор/Не знам | 112 | 9.4 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

## МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Доколку наредната недела се одржи референдум за прием на Република Македонија во ЕУ, како ќе гласате?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| За | 883 | 73.8 |
| Против | 69 | 5.8 |
| Не сум одлучил/а | 128 | 10.7 |
| Не гласам | 96 | 8 |
| Без одговор/Не знам | 21 | 1.8 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

Доколку наредната недела се одржи референдум за прием на Република Македонија во НАТО, како ќе гласате?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| За | 813 | 67.9 |
| Против | 108 | 9 |
| Не сум одлучил/а | 133 | 11.1 |
| Не гласам | 99 | 8.3 |
| Без одговор/Не знам | 44 | 3.7 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз економскиот развој?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 990 | 82.7 |
| Негативно | 47 | 3.9 |
| Без влијание | 62 | 5.2 |
| Без одговор/Не знам | 98 | 8.2 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз странски директни инвестиции?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 1019 | 85.1 |
| Негативно | 37 | 3.1 |
| Без влијание | 55 | 4.6 |
| Без одговор/Не знам | 86 | 7.2 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз домашната политика?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 705 | 58.9 |
| Негативно | 136 | 11.4 |
| Без влијание | 171 | 14.3 |
| Без одговор/Не знам | 185 | 15.5 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз стабилноста?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 916 | 76.5 |
| Негативно | 59 | 4.9 |
| Без влијание | 102 | 8.5 |
| Без одговор/Не знам | 120 | 10 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз човековите права?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 899 | 75.1 |
| Негативно | 54 | 4.5 |
| Без влијание | 120 | 10 |
| Без одговор/Не знам | 124 | 10.4 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз технолошкиот развој?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 927 | 77.4 |
| Негативно | 48 | 4 |
| Без влијание | 82 | 6.9 |
| Без одговор/Не знам | 140 | 11.7 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

Какво влијание ќе има процесот на ЕУ интеграција врз националните вредности/ идентитет?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Позитивно | 681 | 56.9 |
| Негативно | 148 | 12.4 |
| Без влијание | 156 | 13 |
| Без одговор/Не знам | 212 | 17.7 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

Дали членството на Македонија во НАТО ќе ја зголеми Вашата лична безбедност?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Да, многу | 113 | 9.4 |
| Да | 290 | 24.2 |
| До одреден степен | 350 | 29.2 |
| Не | 241 | 20.1 |
| Не воопшто | 101 | 8.4 |
| Без одговор/Не знам | 102 | 8.5 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

## ОБРАЗОВАНИЕ

### Во која мера сметате дека образовниот систем во Република Македонија нуди можност за стекнување на практични вештини?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Нуди одлични можности за градење на способностите | 38 | 3.2 |
| Нуди задоволителни можности за градење на способности | 207 | 17.3 |
| Нуди ограничени можности за градење на способности | 442 | 36.9 |
| Нуди практични можности за градење на способност | 430 | 35.9 |
| Без одговор/Не знам | 80 | 6.7 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Доколку имате избор што би избрале?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Странско образование | 546 | 45.6 |
| Домашно образование | 208 | 17.4 |
| Делумни студии во странство | 374 | 31.2 |
| Без одговор/Не знам | 69 | 5.8 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Би се согласиле ли дека:

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Државните универзитети нудат подобар квалитет од приватните универзитети | 215 | 18 |
| Приватните универзитети нудат подобар квалитет од државните универзитети | 303 | 25.3 |
| Приватните универзитети нудат лесен пристап до универзитетска диплома | 313 | 26.1 |
| И едните и другите се добри | 166 | 13.9 |
| И едните и другите се слаби | 102 | 8.5 |
| Без одговор/Не знам | 98 | 8.2 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Со која од следниве изјави се согласувате?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| На образовниот систем во Македонија му се потребни темелни реформи | 561 | 46.9 |
| На образовниот систем во Македонија му се потребни некои реформи | 512 | 42.8 |
| На образовниот систем во Македонија му се потребни реформи | 57 | 4.8 |
| Без одговор/Не знам | 67 | 5.6 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

## ЕКОНОМИЈА И МИГРАЦИИ

### Како би ја опишале сегашната општа економска состојба во Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Одлична | 14 | 1.2 |
| Добра | 124 | 10.4 |
| Лоша | 634 | 53 |
| Многу лоша | 416 | 34.8 |
| Без одговор/Не знам | 9 | 0.8 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Какво е Вашето очекување за економската состојба во следните неколку години?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Ќе биде подобра | 379 | 31.7 |
| Ќе остане иста | 443 | 37 |
| Ќе биде полоша | 200 | 16.7 |
| Без одговор/Не знам | 175 | 14.6 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Кој економски сектор треба да биде приоритетен во Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Земјоделство | 495 | 41.7 |
| Индустрија | 417 | 34.8 |
| Услуги (туризам, банкарство, телекомуникации итн) | 208 | 17.4 |
| Без одговор/Не знам | 77 | 6.4 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Која е главната причина за миграцијата од Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Економска состојба | 999 | 83.5 |
| Безбедносните причини | 23 | 1.9 |
| Лични не-економски причини | 70 | 5.8 |
| Авантура | 19 | 1.6 |
| Подобра перспектива за Вашите деца | 66 | 5.5 |
| Друго | 3 | 0.3 |
| Без одговор/Не знам | 17 | 1.4 |
| Вкупно | 1197 | 100 |

### Дали размислувате да се иселите од Република Македонија?

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Да | 420 | 35.1 |
| Можеби | 474 | 39.6 |
| Не е многу веројатно | 220 | 18.4 |
| Не | 54 | 4.5 |
| Без одговор/Не знам | 29 | 2.4 |
| Вкупно | 1197 | 100 |




**ФОНДАЦИЈА ФРИДРИХ - ЕБЕРТ**
Канцеларија-Скопје

Бул. "Св. Климент Охридски" 21/1
1000 Скопје
П.Фах 423

contact@fes.org.mk
**www.fes.org.mk**